# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Четвртото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 мај 2004 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Макеоднија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата, тие кои се влезени ги молам да си ги заземат своите места.

Дами и господо пратеници, пред да почнеме дозволете ми во ваше и во мое име на пратеникот Јанаки Витаноски да му го честитам роденденот.

(Аплазуз)

Продолжуваме со работа по 53-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нелко Стојаноски, Ванчо Георгиев, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Ганка Самоиловска-Ввветанова, Али Ахмети, Ѓезаир Шакири и Теута Арифи ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Бидејки стигнавме до точката 21, односно претресот по Предлогот за донесување на закон за заштита на природата е заклучен, треба да гласаме по заклучоците.

Затоа ги молам пратениците, кои сеуште се по ходниците, во клубот или во нивните канцеларии да влезат, бидјеки ни треба кворум за гласање.

Службите, ве молам, нека го утврдат бројот.

(Службите го утврдуваат бројот).

Господине Андов, се согласувате откако ќе ги завршиме точкиве, ќе се вратиме на вашата точка, бидјеки не бевте минатиот пат тука.

Благодарам.

Така почнавме, да ги завршиме точкиве, па после тоа ќе се вратиме на вашата бидејки не бевте тука кога беше вашата точка на дневен ред.

Деловнички не можеме да расправаме за нова точка додека не гласаме за оваа точка.

Можеби треба нешто да направием во Делвоникот, барем првата фаза на законите, кога нема амандмани да ги поминеме со расправата и да имаме еден ден за гласање, можеби, барем во таков случај.

Морам да информирам дека според најавеното отсуство исклучително мал број денеска има отсатни и воглавном од страна на опозицијата. Ја молам опозицијата да го обезбеди кворумот.

Почитувани пратеници објавувам пауза од половина час и ги молам координаторите пред да почнеме , да ме известат дали може да обезбедиме кворум или не за да продолжиме со седницата или не.

Пауза од половина час.

(По седницата продолжи со работа во 10,55 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројто на присутни пратеници, ве молам.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници).

Во салата се присутни 57 пратеници. Молам уште 4 пратеници.

Бидејки имаме 61 пратеник, а се надевам дека уште ќе дојдат, затоа што стоиме на граница, констатирам дека претресот по Предлогот за донесување на закон за заштита на природата е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1.Собраието на Република Макеоднија го усвојува Предлогот за донесување на закон за заштита на природата.

2.Владата на Република Макеоднија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на Закон,при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работнит тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Макеоднија.

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на РМ да се достави до Валдата на РМ и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Предложенито заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 59 пратеници, сите 59 гласале за.

За да бидеме сигурни, службите, уште еднаш нека го утврдат бројот.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложенито заклучок.

**Минуваме на точката 22 - Предлог за донесување на закон за квалитетот на воздухот.**

Предлогот за донесување на законот за квалитет на воздухот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени,односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор.

Има збор пратеникот Петар Апостолов, а нека се подготви Аднан Ќахил.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Почитуван претседател, почитувнаи претставници на Владата, колеги пратеници,

Ништо ново нема да кажам дека стратешка цел на РМ е интегрирање во ЕУ, а постигнување на ваквата цел е преку исполнување на обврските што произлегуваат од потпишата Спогодба за асоцијација и стабилизација на РМ со ЕУ. Особено е значајна обврската од членот 103 што се однесува на посебна соработка и хармонизација на законодавството во областа на заштитата на животната средина, меѓу другото и борбата против локалното, регионалното и преку граничното загадување на воздухот.

Исто така и со Законот за локална самоуправа во членот 22, во листата на надлежностите е вклучена и заштитата на животната средина и природата преку преземање мерки за заштита на поодделни медиуми на животната средина, вклучувајки ја и заштитата на воздухот.

Република Македонија има околу 25 км2 од кои околу 80% се ритско-панински предели, а 20% се рамници, котлини и водени површини. Изворите на разни загадувачки материи во атмосферата се лоцирани во рамниците и котлините. Климатско-метереолошкит еи топографските карактеристики на тие 20% заедно, со грешките на организацијата и просторното планирање, во одредени локалитети го фаворизираат приземното аеро загадување во услови како на зимски, така и на летен смог. Критични локалитети од тој аспект се урбаните и предурбаните срединив о Велес, Скопје, Тетово и Битола со вкупно од околу 900 иљади жители или околу 54% од вкупното население.

Општо би реол, како последица на  емисија на штетни гасови доаѓа и до климатски промени на самата Планета. Меѓународната законска регулатива за

заштита на животната средина, што содржи повеќе закони, протоколи и спогодби што се однесвуаат на локалните, а пред се на глобалните проблеми е многу значајна. Значајно место има законодавството што е донесено на Конференцијата за климатски промениво Рио Дежанеиро, а се однесува на шест гасови што предизвикуваат ефект на стаклена градина. Емисијата на одредени гасови предизвикана од човековите активности се заканува да го засили природниот ефект на стаклената градина и да ја загрее Планетата за пвоеќе од 2 до 5 степени во следните децении. Но, економските интереси, пред се интересите на големите сили, под притисок на индустријата за јаглен и нафта, што не одговараат на намалување на производството, а со тоа и намалување пред се на ЦО2 се повелекуваат од обврските, што е спротивно од заложбите на ЕУ.

Последиците од климатските промени, односно порастото на температурата, врнежите и порстот на нивото на морето имаат свое влијание на водените ресурси, поплавите, шумите, ерозијата на земјиштето, во земјоделството променив о продуктивноста, потреба од зголеменонаводнување и т.н., а потоа ќе се одрази и врз здравјето на луѓето,односно заболувања поврзани со времето иквалитето на воздухот.

Посебно значење во загадување на воздухот имаат тешкит еметали што вомали количинис е корисни за организмот на човекот, но во поголеми количини можат да предизвикаат разни заболувања и оштетувања, пред се кај младата популација.

Само накратко би се задржал на оловото што претставува еден од најтешкит еотровниметали воопшто во живито свет. По токсично од оловото есамо живата. Труењето со овој метал е опасно како за возрасните така и за децата и предизвиквуа повеќер азлични заболувања. Оловото во човечкиот организам се внесува преку исхранта, но по некогаш и преку органите за дишење. Затоа е многу важно да мерењата на оловото биде во почвата и во растенијата што се користат за исхрана, посебно покрај индустриските загадувачи и фрекфентните сообраќајници. Најчерсти извори на загадување на воздухот со олово се индустриските постројки и автомобилскит еиздувани гасови, што се ослободуваат при согорување на бензинот на моторите.

Одредбите од овој закон, практично, се однесуваат на загадување на амбиентниот воздух, но не и за загадување на амбиентнито воздух предизвикан од ардиоактивни супстанци, бучава и елементарни непогоди и загадување на воздухот на работното место. Во Македонија не постојат активни наоѓалишта на радиоактивни

руди, ниту нуклеарни еенргетски псотројки. Затоа, можноста за радиоактивно загадување на атмосферскиот воздух може да биде само прекугранично. Оваа материја е регулирана со Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радиоактивна сигурност. Но, мислам дека тоа не е доволно, бидјеки останува дилемата затоа што сметам дека мерењето на степенот на радиоактивноста треба да е содржинска елемента на системот на миниторинг што го нуди овој Предлог на закон и тоа на некои мерни места каде што имаме потреба, односно каде има опасност од прекугранично загадување.

Во третата глава од Прелдогот дефинирани се изворите на загадувања на амбиентниот воздух, односно се зборува за стационарни извори, подвижни извори и за горива.

Посебно би се задржал на подвижните извори на загадување односно загадување од моторите со внатрешно согорување. При технички преглед на возилото односно при мерењето на издувните гасови во сите развиени земји се води строго контрола, дури и повеќе од механички недостатоци на возилото, што за жал тоа не е и кај нас.

Во членот 14 се дадени загадувачките супстанции и тоа : јаглеmороден моноксит, азотни оксиди, јаглеnоводород и суспендирани частички. Сметам дека во овој дел треба да има промени и подобро да се обработи во смисла на подобра евиденција на процентот на штетни материи од издувните гасови што би биле внесени во листата при технички преглед, без разлика дали ја надминуваат дозволена концентрација. Оваа листа, освен во МВР што е задолжително да се праќа, треба да се праќа и до Минситерството за животна средина и просторно планирање и тоа во делот на овие издувни гасови.

Од обработените податоци би можеле да видиме поединечно потенцијални загадувачи наодредени градови, односно општини од подвижни извори на загадување, потоа вкупното потенцијално загадување во РМ од подвижните извори на загадување и индирекно за квалитетот на горивото што го користат возилата, исто и ред други параметри. Кога сме акј горивата, морам да нагласам дека со квалитетот на горивата не можеме многу да се пофалиме. Затоа, контролата на квалитетот треба да се подобри. Денеска со новите безоловни горива состојбата сигурно ќе се подобри, но контролата сметам дека треба да остане.

Во петтата глава каде што се говори за планирање односно во 5.2 каде што се говори за планирање на заштитата на квалитетот на амбиентниот воздух, односно во националниот план за заштита во РМ, освен што зема учество Министерството за

животна средина и просторно планирање, во согласнсот со Министерството за здравство и Министерството за економија, мора свое место да најде и Министерството за транспорт и врски. Зошто? Затоа што при пропишување на деталната содржина и начинот на подготовка на Националниот парк за заштита на амбиентниот воздух и то аво делот на проектирање и приоритет на одредени патни правци, посебно за  заобиколните патишта на градовите треба и ова минситерство да биде вклучено. Со тоа и ова министерство би се вклучило во активната заштита и на така загадените градови од издувни гасови на возилата.

Во главата 6 односно мониторинг на квалитетот на амбиентнито воздух и изворите на емисии, многу е важно да емисерот на штетни супстанци и аерозагадувања не може да се повикува само на својата сопствена мерна лабараторија, а резултатите да се конечни, бидјеки искуствата не учат дека сеуште не сме го достигнале тој степен на одговорност да безрезервно им веруваме на тие резултати.

Сосема кратко за депониите што всушност се био-бомби во градовите односно општините. Ако се знае и со Закон е регулирано како треба да се однесуваме со депониите, за жал, во пракса не е така. Само еден пример. Ако патуваме за Охрид од десната страна на патот пред Охрид ќе почувствуваме прво миризба, па потоа ќе го видиме чадот. Исто така, ако одиме за Битола преку Прилеп, од десната страна за жал пак ќе се сретнеме со истата појава и ако одиме кон Грција таков пречек со чад ќе имаме од депонијата во Гевгелија. За жал,пак од десната страна.

Пртед кај сакам да укажам колку е важно да поголемите јавни површини бидат засадени со адекватни дрва, се мисли на урбаните средини. Не треба да се сасадуваат дрва што се потенцијални аеро-алергични загадувачи, односно нивниот цвет е алергичен за одредени особи бидејки под алергични заболувања се мисли на заболувања на носната слузница и на очната слузница, потоа потешкото заболување асма што се во пораст. Затоа, изборот на дрвјата е важен фактор за заштита на воздухот од аеро-алергични загадувачи.

На крајот, мораме да констатираме дкеа современит етекови, начинот и условит ена живеење во Рм доведоа до се поголемо загадување на животната средина. Затоа треба да направиме напори за изнаоѓање на решенија за зачувување на животната средина, а сметам дкеа и овој Предлог за донесување закон за квалитет на воздухот е во таа насока.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Апостолов.

Збор има пратеникто Аднан Ќахил, а нека се подготви пратеникот Наташа Биковска.

Повелете г-дине Ќахил

АДНАН ЌАХИЛ:

Почитуван претседателе, почитувани минситри, почитувани колеги,

Би сакал да ја истакнам важноста на законто за квалитетот на воздухот затоа што добриот квлаитет на воздухот, незагаден од разни механички и хемиски агенси е од огромна важност за амбиенталното живеење.

Како што напомнав претходно во врска со другите закони, добро е што се носи ваков закон, затоа што ваков закон ќе регулира една сфера, каде што е многу важно да се регулираат тие ит ие законскиобврски што впрочем се  основа за сето она што се вели живеење попринципите на еколошко незагадување.

Би кажал претходно неколку работи во врска со законската регулатива, која би требало да се имплементира во Законот и ќе дадам неколку забелешки во однос на законот со цел да се подобри текстот на законот. И за овој закон важи констатацијата дека добро е што е во прва фаза и во првата фаза можеме да дадеме забелешки, кои се надевам дека ќе бидат инкорпорирани во втората и третата фаза на Законот со цел да се донесе квалитетен закон во врска со квалитетот на воздухот.

Имено, не е доволно само да се направи закон кој едноставно ќе креира политика на контрола на квалитетот на воздухот. Од сите сфери на живеење треба да се направи законска регулатива за користење на разни материјали кои се потенцијални загадувачи на атмосферата, односно воздухот кој го дишеме. Ќе дадам пример кој на прв поглед изгледа едноставен, но мислам дека е многу важен. На пример, азбестот е супстанца која се користела порано и сега се користи многу пошироко во Република Македонија во разни цевки, спуштени плафони и слично. И денес во градинките кај плафоните или во просториите се става азбестен материјал, а да напоменам дека азбестот е материјал од кој според сите критериуми не треба да има ни трага во воздухот, бидејќи едноставно тоа е најканцерогена супстанца. Тоа значи, ако сакаме да донесеме квалитетен закон, тој закон треба да корспондира со другата норматива која се однесува на градежната оператива, на заштитата на водите, почвата и тн. Едноставно да имаме закон кој ќе кореспондира со сето нормално живеење. Претходниот колега рече дека имаме различни

компоненти во воздухот кои потекнуваат од издувни гасови на горивата, издувни гасови кои потекнуваат од согорување на отпадниот материјал, издувни гасови кои потекнуваат од разни органски и неоргански супстанци и контролата во оваа сфера мислам дека треба да опфати многу поширок дијапазон на контрола на супстанци кои до сега можеби не сме ги конролирале или рамките од - до биле многу помали. Едноставно треба да се воведе многу поригорозна рамка за контрола на сите супстанци кои на директен или индиректен начин влијаат на квалитетот на воздухот. Верувам дека во втората и третата фаза со другите правилници тоа ќе се направи и на тоа прашање не би се задржувал повеќе. Но, ќе дадам една напомена дека едноставно треба да кореспондира со секојдневното живеење и со сите закони кои ја тангираат оваа проблематика, односно квалитетот на воздухот.

Кратко ќе се задржам на некоку забелешки кои се однесуваат на Законот, а за стручниот дел во втората и третата фаза ќе дадам некои заблешки кои се однесуваат на тој дел, односно како би требало да се подобри квалитетот на текстот на законот во третата фаза во однос на Законот за квалитетот на воздухот.

Во предложениот закон за квалитет на воздухот директивите на Европската Унија, односно Рамковната директива за квалитет на амбиенталниот воздух од 1996 година и таканаречените директиви ќерки кои се однесуваат на стандардите за квалитет на амбиенталниот воздух и емисионите стандарди не се во целина адаптирани на постојните услови во животната средина во Република Македонија. Законскиот текст креира политика во областа на квалитетот на воздухот во отсуство на стратешки документ за состојбите во оваа област. Заради тоа, дел од решенијата во Законот не се компатитиблни. Во тој поглед имам неколку забелешки кои ќе ги изнесам и се надевам дека ќе бидат како дел односно ќе бидат инкорпорирани во текстот, со цел да се добие добар законски текст.

1. Во Предлог-законот се употребени дефиниции и поими кои не се соодветно дефинирани. На пример, поимот “квалитет на амбиенталниот воздух” како замена на досегашниот поим “емисија” е употребен во неколку членови несоодветно, без да се води сметка за неговото вистинско значење. Имено, гледано од стручно-технички аспект, причина за загадување на воздухот е емисијата на штетни материи и полутанти во воздухот и стацинарните и мобилни извори. Последица е емисија, односно сега квалитетот на амбиенталнот воздух, во Предлог-законот за животна средина од кој произлезе и овој закон е употребен терминот “емисија”.

2. Недостасуваат дефиниции на поимот “мониторинг” и “испуст”, а не се прецизно и соодветно дефинирани и други поими, како на пример “извори на загадување на воздух” и слично.

3. Во делот на Предлогот на законот кој се однесува на мониторингот нејасно се дефинирани обврските за контрола на квалитетот на воздухот.

4. Катастар на загадувачи на воздухот - во Предлог-законот не е дефинирано кој е изготвувач, а кој одржувач на катастарот на загадувачи на воздухот.

5. Законот за квалитетот на воздухот мора да го следат соодветни правилници и подзаконски акти, поврзани со заштита на квалитетот на воздухот, без кои истиот не би можел соодветно да се применува, а кои треба да бидат во пакет со овој закон. Од приоритетно значење се следните правилници, кои би било добро да се има предвид кога ќе се подготвува втората фаза од донесувањето на законот:

- правилник за емисиони концентрации и количества на полутанти што се испуштаат од одделни извори на загадување;

- правилник за методолошки пристап за следење на емисиите од стационарните извори;

-правилник за катастар на загадувачи на воздухот и каталог на загадувачи и загадување на воздухот.

Овие забелешки ги давам со цел едноставно да се подобри текстот на законот. Како што кажав на почетокот многу е добро што се донесува овој закон, кој е донесен и во претходната влада и има еден континуитет. Верувам дека истиот ќе придонесе за почиста средина и почист воздух кој го дишеме во Република Македонија, кој потекнува не само од емисија на гасови и штетни материи што ги има во секојдневието, туку потекнуваат и од директни загадувачи, а тоа се индустриските капацитети. Мислам дека овие предлози што ги даваме едноставно ќе придонесе да имаме добар спој на другите законски рамки, во однос на другите сфери од еколошкото живеење, едноставно на начин што ќе го подобри квалитетот на воздухот. Надевајќи се дека во втората фаза со сите овие наши забелешки едноставно ќе бидат инкорпорирани во законот, законот во оваа фаза ќе го поддржиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, господине Андан Ќахил.

Има збор госпоѓа Наташа Бикова, а нека се подготви пратеникот Соња Лепиткова.

НАТАША БИКОВА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Доаѓам од средина што важи за најчистите еколошки средини во Република Македонија, но со оглед на моите познавања од оваа област, односно од влијанието на животната средина, особено на чистиот воздух за здравјето на нацијата, сепак не можам со индолентност да гледам на третирањата на прашањата за заштита на воздухот и воопшто прашањата за заштита на животната средина, се разбира во случајот од нормативно правен аспект.

Поради тоа, сметам дека истото е своевиден досегашен пропуст дека беше неопходно во изминатиот период стриктно почитување на законската регулатива и преземање на строги законски санкции за прекршителите на истиот. Иако досегашната практика при примената на законските прописи од областа на животната средина манифестира и низа неусогласености и преклопувања, односно трагања по надлежностите на различни државни институции вклучени во третирањето на проблемот за заштита на животната средина, загадувањето на водата, воздухот и почвата, сепак сметам дека ниеден закон или било кој друг нормативен акт не е толку лош колку што ние може лошо да го толкуваме или применуваме или во крајна линија да најдеме соодветен начин да не го почитуваме.

Од тие причини, потребата за донесување на закон за квалитет на воздухот не ја гледам единствено и првенствено за усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската Унија, Светската здравствена организација и Обединетите Нации, иако ова е аспект кој не смее да се запостави, туку пред се од потребата за наше постојано усовршување и следење на модерните текови за заштитата на воздухот. Нашите обврски кон новите стандарди за квалитет на амбиентниот воздух, следењето и оценувањето на неговиот квалитет, информирање на јавноста за состојбите на загадувањето и преземањето заштитни мерки за надзор и контрола, како дел од Рамковната директива за квалитет на амбиентниот воздух на Советот на министри, како и поврзувањето со барањата од хоризонталното законодавство на Европската Унија, се клучни елементи на нашето усогласување со законодавството на Европската Унија.

Со предложените законски решенија се уредуваат мерките за избегнување, спречување и намалување на штетните ефекти врз човековото здравје и животната средина како целина, преку утврдување на гранични вредности за квалитет на амбиентниот воздух и прагови за планирање на гранични вредности за емисии,

формирање на единствен систем за следење и контрола на воздухот и следење на изворите на емисии, сеопфатен систем за управување со квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии и други мерки на заштита.

Во предложениот текст се идентификувани најнапред сите можни извори за загадување, како што се инсталации кои се користат во технолошките процеси и енергетски објекти, како што се стационарни извори, мотори со внатрешно согорување вградени во локомотиви, бродови и возила како подвижни извори и горивата како еден од главните извори на загадување. Пропишани се и ограничувањата, истите да не испуштаат загадувачки супстанци и во амбиентниот воздух во количество поголемо од пропишаните гранични вредности за емисија.

Овде особено внимание треба да се обрати и сметам дека веќе се преземени соодветни мерки во таа насока во изминатиот период, од аспект на заштита на амбиентниот воздух, од мобилните извори на загадување, односно на пропишување на стандарди за квалитет на бензините и другите течни горива.

Со донесување на овој закон ќе се создадат законски претпоставки за донесување на неопходните подзаконски акти во сферата на самиот квалитет на течните горива, што ќе се согласиме сите дека има исклучително голема важност.

Во самиот закон се предлагаат надлежните институции кои ќе имаат законски обврски за утврдување на граничните вредности за нивоа на загадувачки супстанци и во амбиентниот воздух и соодветно на тоа прагови за алармирање и маргини на толеранција.

Владата на Република Макеоднија, на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за здравство е утврдена како надлежен државен орган, одговорен за напред наведеното утврдување на граничните вредности. Овде од суштинско значење ќе биде и оценувањето на самиот квалитет на амбиентниот воздух и донесување и спроведување на потребните плански документи за спречување и намалување на загадувањето и постигнување на потребниот квалитет утврден со пропишаните гранични вредности.

Согласно предложените законски одредби, оценувањето ќе се базира на повеќе, законски определени, критериуми и ќе се врши врз основа на резултатите од мерењето, добиени преку државната мрежа, локалните мрежи и другите видови мерења пропишани со закон.

Како сосема нов ипозитивен пристап сметам дека е предлагањето на мерки за реализација на поставените цели за квалитетот на амбиентниот воздух, преку изготвување на национален план за заштита на амбиентниот воздух на државно

ниво и програма за намалување на загадувањето и унапредувањето на квалитетот на амбиентниот воздух на локално ниво. Со ваквите документи ќе се овозможи адекватно преземање на мерките за намалување и отстранување на ризикот од загадувањето и штетното влијание врз здравјето на луѓето, а особено истрага и идентификација на причините за настанатите појави и преземање на превентивни мерки.

Сметам дека единиците на локалната самоуправа, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Државниот центар за известување и тревожење овде ќе треба да ја подигнат својата соработка на повисоко ниво и перфектно да функционираат за информирање на јавноста за настанатата состојба, мерките за превенција и заштита на населението.

Убедена сум дека надзорот над спроведувањето на овој закон, што треба да го врши Министерството за животна средина и просторно планирање, односно државните и општинските инспектори за животна средина е клучното прашање на кое треба да му се обрати внимание. Сметам дека тука недостасуваат одредби со кои ќе се утврди со каква стручна подготовка треба да бидат овие иснпектори, бидејќи во Република Македонија веќе има доволно образован и стручен кадар од областа на заштита на животната средина. Тоа се дипломирани инженери за заштита на животната средина кои според мене треба како кадри од оваа област да добијат ексклузивитет во самиот закон. Зошто инспекцискиот надзор и соодветното санкционирање на прекршителите на законот се основните претпоставки за неговото успешно функционирање, затоа и потенцирам дека навистина овие кадри треба да се искористат на овие соодветни места.

На крајот, но не помалку важно, сметам дека предвидените парични казни за сторени прекршоци, односно за повреди на одредбите на законот за квалитетот на воздухот може и треба да бидат построги, зашто практиката покажа дека само со строги санкции може успешно како крајна мерка да се надминат негативните трендови од оваа област.

Ќе завршам со една мисла од нашиот промотивен каталог на Општина Берово: “Природата и во најмалите нешта е најголема. Да и дозволиме да и дадеме шанса да биде таква”.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бикова.

Повелете, госпоѓо Лепиткова, имате збор.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Благодарам, господине претседателе.

Почитуван претседателе, почитуван министре, претставници од Владата, колеги пратеници,

Добриот квалитет на воздухот е претпоставка за здравјето на луѓето, меѓутоа и претпоставка за добра состојба на еко системот. Загадениот воздух има негативен ефект не само врз здравјето на луѓето, туку и врз еко системот, како и материјални последици во различни правци. Атмосферата може да се свати како средина преку која се транспортираат локалните емисии на загадувачки супстанци од едно на друго место, дури и на големи растојанија,. па дури и инфлуенции во други медиуми, како што се водата и почвата.

Сметам дека треба да се спомене дека сегашниот и идниот тренд на квалитетот на воздухот треба да се дискутира во однос на сегашната имплементација на законските прописи, планираната политика на новите прописи, а притоа да се води сметка и за технолошкиот развој. Вака избалансирана, според мене, правна рамка во секој случај би имало добри резултати во обезбедувањето на добар квалитет на воздухот.

Предлог законот кој е на дневен ред, според мене, прави добар напор и напредок во реализација на основната замисла на обезбедување на добар квалитет на воздухот и како таков заслужува должно внимание и од нас пратениците. Морам да споменам дека Предлог-законот по својот обем е добро избалансиран и како таков е добро разбирлив. Сепак, во оваа прилика би сакала да искажам и некои мои забелешки, односно сугестии кои сметам дека ќе можат да придонесат во натамошното подобро конципирање на овој многу значаен законски проект.

Имено, во членот 2 од овој Предлог на закон се дадени исклучоци кои се однесуваат на оваа материја и тука се споменуваат и пред се радиоактивните супстанци. Ова прашање е многу дискутабилно, ако се имаат предвид загадувањата на воздухот кои се последица на радиоактивни состојби не само овде во Македонија, туку и пошироко. Пред се, да се спомене акцидентот од Чернобил кој пред повеќе од една деценија се случи и направи навистина големи штети не само на територијата каде што се случи во Украина, туку и многу пошироко.

Би требало да се даде објаснување од предлагачот на законот каде оваа материја ќе биде регулирана, ако тоа не е случај во овој Предлог на закон, каде е во основа местото за регулирање на оваа значајна материја.

Исто така, во овој член е и прашањето на елементарните непогоди или несреќи каде ова прашање ќе биде регулирано. И на крајот прашањето на квалитетот на воздухот на работните места и дали овие прашања ќе бидат третирани со некој друг закон или со некој закон за работна средина и слично.

Во членот 8 од Предлог законот се зборува за извори на засгадување на амбиенталниот воздух и во точката 3 на овој член се зборува за изворите на загадување кои можат за свои потреби да вршат и увоз на репроматеријали.

Со цел да се подобри, односно да се стимулира оваа заштитна мерка, јас би сакала во овој момент да го поставам прашањето за увоз на одделни типови на руди и концентрати, кои се увезуваат или ќе се увезуваат во Република Македонија за потребите на некои топилнички капацитети. Според мене, прашањето е многу логично, затоа што кој ќе ги ограничи граничните вредности, всушност ќе ги одреди, на одделните компоненти кои се присутни во тие увозни суровини, кој ќе го издаде сертификатот во поглед на тоа дека тие суровини нема да прават дополнителни проблеми во животната средина од аспект на загадување на воздухот и други влијанија на животната средина.

Во член 10 од Предлог-законот, во точка 2 се утврдуваат граничните вредности на загадувачките супстанци, пред се тешките метали како што се: кадмиум, олово, арсен, никел и жива, тука би требало по мене во граничните вредности да се воведе и азбестот и хиброзните силикати и силикогената прашина, при што во членот 13 се спомнува само азбестот, но не се спомнуваат и хиброзните силикати и силикогената прашина.

Исто така, во овој член од органски загадувачи се спомнуваат само полицикличните ароматични јагленоводороди, се споменати под името полиароматични јагленоводороди. Меѓутоа, не се спомнуваат дивензодиокциите, дибензофураните и полихлорираните дифенили. Тоа во секој случај би требало да се дополни и во овој член, а не само во членот 13.

Во овој член, исто така, би требало да се спомене и бензотиренот, како многу значајна компомента на нашето урбано загадување.

Во овој Предлог на закон, во секој случај би требало да се најде место за проблемот на асибификацијата, бидејќи киселите нитрити и нитрати што се депонираат од атмосферата на земјината површина и се појавуваат серија на проблеми кои се опфатени под името на асибификација.

Исто така, како посебно прашање, кое не е третирано во Предлог-законот а кое е многу значајно е прашањето на таканаречениот хот фот, или жешка точка, а

овој термин се употребува за да се опише високата краткотрајна огромна диспозиција на која населението може да биде изложено, кога се наоѓа во близина на извори на загадување. Овој термин посебно би требало да се обработи и во случаи кога населението е изложено на екстремно високи температури, како што се исфрлањето на топилнички отпадоци, загреани на високи температури.

Во членот 13 со Предлог-законот се набројуваат загадувачки супстанци од стационарните извори. Тука би требало во списокот на загадувачки материи да се дополни со тешки метали, бидејќи тие се продуцираат во поголеми количества, особено при согорувањето на посилни горива, а исто така, уште еднаш сакам да спомнам да се наведе и проблемот со радиоактивноста. Во оваа прилика би сакла да спомнам дека прашањето на историското и културното наследство е само спомнато во целите на законот без понатаму да се допрецизираат во оваа материја. Мислам дека на ова прашање треба да му се посвети малку поголемо внимание.

Членот 56 треба да биде далеку по мене поригорозен, доколку сакаме да имаме реализација на идеја за здрава и квалитетна животна средина, а не само закон кој ја нормира одредената материја, а со која велиме дека е во согласност со европските стандарди.

Имено, решенијата кои се нудат во Законот за животна средина, а кои се однесуваат на операторите на постројки кои претставуваат извори на загадување, поради самата технологија на производство се многу неповолни, ако се има предвид технологија која постои во одделни индустриски објекти во нашата држава. Периодот кој се нуди за прилагодување на технологијата која изнесува од 10 до 15 години е исклучително долг. Јас го спомнав и во мојата претходна дискусија околу Законот за животна средина и како таков во основа не ја стимулира определбата за добар квалитет на воздухот и здрава животна средина. Треба овој рок, уште еднаш да напоменам, да се намали и да не биде подолг од три години, ако сакаме искрено да се зафатиме со решавање на проблемите на животната средина иако сакаме да се однесуваме одговорно за генерациите кои доаѓаат по нас.

Почитувани пратеници, мислам дека со овие мои сугестии и сугестиите од другите колеги придонесовме барем малку да се подобри овој законски проект, за кој што повторно ќе кажам е релативно добро концептуално поставен, меѓутоа, со одделно минимално доработување, ќе биде во форма применлива и наменета за која што се изработува и навистина ќе имаме еден широкоприменлив закон со европски пропишани норми и стандарди. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Лепиткова. Повелете господине Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Благодарам претседателе, јас ќе бидам многу краток, со оглед дека колегите дадоа свој значаен придонес во елаборацијата на овој закон. Јас би сакал само кратко да дадам една сугестија до претставниците на Министерството за животна средина и просторно планирање. Имено, во членовите 10, 13 и 14 кои што и пратеничката Лепиткова претходни ги наведе, наведени се листи на загадувачки супстанци, кои што по мое мислење не треба да бидат предмет на пропишување на законот, туку треба да бидат предмет на подзаконски акт. Тоа го кажувам, со оглед на индустрискиот развој, можат да се јават и други супстанци кои што Ќе бидат загадувачи во наредниот период, па затоа може самото пропишување во законот да биде законска пречка за нивна елиминација.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата.

На Собранието му предлагам го усвои следнот заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за квалитет на воздухот.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале вкупно 67 пратеника, 67 гласале за заклучокот, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

***Минуваме на точката 23 - Предлог за донесување на закон за водите.***

Ве известувам дека Владата на Република Македонија го повлече предлогот за донесување на Законот за водите.

***Минуваме на точката 24 - Предлог за донесување на закон за управување со отпад.***

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор?

Повелете господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Како член на Комисијата и во однос на ова што значеше предложен законски текст во однос на управувањето со отпадот би имал да искажам неколку забелешки и предлози, за да може да биде прифатено од страна на Министерството и се надевам наредниот текст кој ќе го добиеме на разгледување, поголем дел од овие забелешки ќе бидат вградени. Реенијата утврдени во предложениот законски текст за управување со отпадот не кореспондираат и не се компатибилни со реалните состојби во областана управувањето со отпадот во Република Македонија. Во услови на непостоење на стратешки документ, со кој се утврдуваат видот, причините и структурата на отпадот и отпадните материи кои се генерираат во Република Македонија, како и потребните капацитети за нивно управување, не постои реална основа да се креира политика во областа на управувањето со отпадот.

На тој план, упатуваат и и искуствата од другите земји, како на пример Република Совенија, Република Србија и Црна Гора и слично, каде ваквите стратешки документи го следеа изготвувањето на законските акти.

Ресорното министерство ќе треба да ја забрза постапката за донесување на ваков документ, кој е утврден и со членот 5 од Законот за отпад, “Службен весник на Република Македонија” број 37/98. Согласно со овој член треба да се донесе долгорочна програма за управување со отпадот, која треба да содржи оценка на постојната состојба за управување со отпадот, основни цели и мерки за управувањето со отпадот, начини на дефинирање на отпадот што не може да се обработи и избегне, обезбедувње на најповолни технички и производни мерки за остварување на целите за управување со отпадот и утврдување на изворни на средства за спроведување на програмата.

Во предложениот законски акт постои нагласена неусогласеност помеѓу овој пропис и Законот за локална самоуправа. Наместо да се стимулираат процесите на децентрализација и трансферираат надлежностите во областа на управувањето со

отпадот од државно ниво на ниво на единиците на локална самоуправа, се утврдуваат решенија кој ја централизираат постапката и тоа пред се, околу издавање на документи, дозволи, лиценци и други надлежности.

На овој план, во следната фаза, треба да се има предвид потребата од децентрализирано управување со отпадот, особено со комуналниот цврст отпад и другите видови на неопасен отпад, односно усогласување со законските решенија, со Законот за локална самоуправа.

Основен недостасток на овој закон е непостоењето на стимулативни мерки и активости за одвивање на пазарен амбиент, управувањето со отпадот и привлекувањето на приватниот капитал. Треба поконкретно да се утврдат мерки активности за иницирање на постапките и минимизација на отпадот кој ќе заврши на депонииите.

За таа цел, треба да се предвиди организирање на современа технологија за собирање и селектирање на отпадот, формирање на реџиклажни острова, претоварни станици, собирни пунктови за отпад и стимулирање на изградбата и инсталирањето на капацитети и постројки за преработка на отпадот.

Со вака креираната политика се остваруваат услови за издржливост во управувањето со отпадот и се остваруваат ефекти во заштитата на природната и животната средина, заштитата на здравјето на граѓаните, намалена количина на отпад кој ќе се депонира, отворање на нови производни преработувачки капацитети, зголемување на запосленоста, намалување на трошоци за здравствена заштита на населението, продолжување на период на експлоатација на депониите, порационално искористување на просторот, порационално искорисутвање на секундарните материи од отпадот, зголемување на активноста на трудот и националниот производ и зголемување на стандардот на граѓаните.

Основните начела врз кои е засновува законот треба да се дополнат и да се вградат со начелата на редуцирање, реупотреба и рециклажа. Рециклажни центри, информативен систем, транспаретност, едукација, подигнување на јавната свест и мониторинг. Сите овие начела треба да бидат опфатени и дефинирани во членот 8.

Во законот треба да се предвиди обврска за затворање и рекултивизација на сите нелегални депонии, кои се користат во општините од страна на јавните комунални претпријатија, или други правни субјекти. Треба да се вградат решенија кои ќе го стимулираат искористувањето на отпадните материи од нелегалните депонии во секундарни суровини и искористувањето на метанот за продуцирање на елезктрична енергија. Ова треба да биде утврдено со динамички планови за

реализација, со прецизно утврдени врменски рокови што треба да го остварат единиците на локалната самоуправа во соработка со надлежниот државен орган.

Во законот не се предвидени стабилни извори на средства за финансирање, со што се доведува во прашање реализацијата на предвидените законски решенија. Во услови на лимитирани буџетски средства на централно и локално ниво, треба да се стимулира пазарните принципи на управувањето со отпадот и создавање на услови за приватни инвестиции во оваа област. Треба да се обезбеди проток на финансиските средства, започнувајќи од корисниците на услугата, создавачи на отпадот што преку собирачите на отпад, правните и физичките лица кои вршат селекција и сепарирање на отпадот, транспортерите, преработувачите, па до субјектите кои управуваат со депониите, со цел да се обезбеди финансиска одржливост на целиот систем на управување со отпадот, односно истиот да биде финансиски целосено покриен.

Во Законот е предвидена новина во однос на плаќањето на надоместок за собирање и транспортирање на комуналниот и други видови на неопасен отпад, како и други надоместоци, при што основата на плаќање е денар на метар.

За реализација на ова, потребно е да се вгради нов систем и методологија во управувањео со отпадот и утврдување на динамички планови за негова реализација.

Во казнените одредби не се опфатени сите членови во законот од кои произлегуваат права и обврски за правните и физичките лица. Треба да се преиспита и висината на утврдените казни за направените прекршоци по однос на непочитувањето на законските решенија, со цел да се стимулира нивната реализација.

Во делот на надлежностите инспекциските органи, не се јасно разграничени дејностите на Државниот инспектората за животна средина, главниот комунален инспектор и комунални инспектори на локално ниво.

Заради поцелосна ефикасност во реализацијата на утврдените решенија, треба да се утврдат приоритети и донесат динамички планови, со прецизно утврдени временски рокови во кои треба да се остварат решенијата: краткорочни, среднорочни, долгорочни. Ова треба да се дефинира во планот за управување со отпадот.

Треба да се иницира постапка околу воспоставување на катастар и регистар на создавачи на отпад, како основа за вградување напринципот загадувачот плаќа. За ова треба да се предвидат временски рокови, во кои наведените инструменти ќе бидат донесени. Неопходно е да се изработи методологија и утврдат инструменти за

имплементација за принципот загадувачот плаќа и системот на кауција. Загадувачот плаќа, треба да се регулира со посебен закон.

Со воведување на мрежата за меѓусебно известување за степенот на реализација на програмите на локално и национално ниво, степенот на реализацијата на програмите ќе биде соодветен индикатор за реалноста на самата програма и за успешноста на работата на службите задолжени за реализација на утврдените активности.

Потребно е да се изработи единствема методологија и образец за реализација на овие извештаи, со цел извештаите добиени од различни општини да бидат споредливи со критериумите содржани во образецот.

Наброените категории на отпад се систематизирани според начинот на настанување карактерот или составот. Прашање е дали воопшто ова набројување служи за нешто и дали согласно овие категории ќе се врши превземање на соодветни активности или дали обезбедување на категории на отпад е врзано со одредени институционални надлежности на пример истурени материјали, испуштени отпадни масла, еколошки хаварии и слично. Ќе подлежат сите овие на рекултациони мерки кои ќе се реализираат од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање или надлежната локална служба.

Систематизирањето и категоризирањето треба да се врши само кога таа категоризација натаму се надградува со системи за управување, следење или друг вид на имплементација.

Селекцијата или квалификацијата на отпадот од страна на создавачите, треба да има соодветна организација, односно да има организиран прием од страна на заинтересираните субјекти. На тој начин обврската за селектирање на отпадот како за создавачите треба да биде обврска и за субјектите што управуваат со отпадот. Правните субјекти за собирање на отпадот во општините, како и фирмите што вршат откуп на секундарни суровини за натамошна преработка и промет.

Треба децидно да се утврди обврската на субјектите што собираат и транспортираат отпад и да се утврдат постапки за селективно собирање на различни видови на отпад. Овие обврски треба постапно да се воведуваат и да бидат проследени со стимулативни мерки што треба да бидат разработени со овој закон.

Минимумот технички услови што треба да ги исполнат средствата за транспортирање на отпадот се во тесна корелација со трошоците на нивно одржување, што има директно влијание со цената на чинењето на услугата за собирање на отпадот. Правилникот што во таа насока треба да го донесе

министерот ќе треба да влијае на дефинирањето на минималните стандарди.
Но, треба да е во корелација со финансиската моќ на општината да ги исполнат и испочитуваат пропишаните стандарди. При тоа, не треба да се тежнее кон строги правила за да се примени флексибилна рамка, која ќе биде применлива за најголемиот број општини урбани и рурални средини. Можеби техничките стандарди би било подобро да бидат изразени преку економски индикатори минимум оперативни трошоци, за да се изврши влијание врз формирањето на тарифите, со цел определување на транспарентно моделирање на одржливите оперативни трошоци.

Значи, во моментов знаеме каква е состојбата на нашите општини. За скоро време мислам додека се опремат со тие средства за транспортирање, треба да не приближат многу повеќе до стандардите на Европската унија, мислам дека треба да се има предвид и Министерството ќе го има во предвид.

Во члено 27 треба да се предефинира, бидејќи суштината на преработката на отпадот е во економската одржливост. Добивка наспроти вложените средства, а со тоа вреднувајќи ја заштитата на животната средина како неизмерлива придобивка.

Во листата на активности за преработка на отпадот има многу нејасни формулации. Прашање е дали оваа листа навистина нешто дефинира и дали претставува упатство и обврска за некого. Определне стручњак, веројатно ќе решава за оптимална техничко-технолошко решение за преработка на отпадот, доколку создавачот на отпад има интерес, или е обврзан со закон. Обврската за преработка на отпадот не е опфатена со овој закон, туку е само дескриптивно прикажана. Трансфер станиците се логистика на регионалните системи за управување со цврст отпад, кои гравитираат кон една заедничка постројка за отстранување на отпадот. Другата локација на секоја трансфер станица и логична подстаница од направени пресметки за оптимален транспорт на отпад, што значи дека планот за управување со отпадот ќе се дефинира начелно бројот, капацитетот и другата технологија на трасфер станиците, кои ќе претставуваат логистика регионалните санитарни депонии.

На тој начин, општината може само да се јави како носител на изработката на урбанистичката документација за потесно дефинирање на микролокацијата на трансфер станицата, со цел издавање на градежна дозвола и експропријација на земјиштето, доколку е приватно, но додека доделувањето на земјиштето за користење, доколку е тоа државно е во надлежност на Министерството за транспорт, а не на општината.

Евиденцијата треба да се врши согласно карактерот на отпадот односно дали станува збор за опасен или неопасен отпад. Во тој правец секогаш обврската за надзор врз евиденцијата и мониторзите на опасниот отпад е на локално, а за опасниот е на национално ниво. За да се регистрира податокот од евиденцијата, со помош на пропишаниот образец за кој пред малку говоревме потребно е претходно дизајнирање и формирање на една дата база која ќе треба да биде доволно флексибилна за да може да служи како основа за евидирање на состојбите во најголем број на општини. Не е неопходно министерот да препишува минимални технички услови за садовите и друга опрема за собирање на отпадот, туку локалната самоуправа ги дефинира овие работи во службата што ја лиценцира да ја врши оваа услуга преку договор што меѓусебно го склучуваат. Министерството не треба да има надлежност во лиценцирањето на службите што вршеле дејност во име на општината.

Во овој член се заговата интересен систем на здружување односно самоорганизирање на производителите, трговските партнери и корисниците, со цел создавање на центри за повратен прием на искористена амбалажа. Еден чекор понапред би било основање на т.н. агенција за рециклажа која би била независна асоцијација финансирана од сопствени извори односно со средства на членките, или би била поддржана од страна на Владата, финансирањето би било со одредена буџетска стапка или процентуален износ со некоја постојна или воведена нова давачка, или би била во состав на Стопанската комора, финансирање директно од производството.

Доколку се основа агенција за рециклажа која треба да работи врз економско одржливи принципи, Министерството за животна средина треба да биде ослободено од обврската за доделување дозволи за системи за повратен прием. Создавачот на отпадот може да го предаде селектираниот отпад на правните и физички лица што собираат отпад, само доколку во таа општина е воведено селектирано собирање на отпадот. Во системот кој треба да се имплементира, проектираните документи на отпадот што може да се рециклираат, граѓаните треба да ги оставаат на одредени пунктови каде што како пилот проекти се иницира преработка на одделни отпади, градежен шут, автомобилски школки и слично. Со националниот план за управување со отпадот треба да се дефинира бројот на регионалните депонии кои се реално потребни на Република Македонија и нивната локација согласно планските документи.

Националниот план за управување со отпадот ќе дифинира што со градежниот шут. Најлошо можно решение е дефинирање на посебни локации за депонирање на градежен шут.

Добро е ова прашање да не се регулира со основниот закон, туку да се препушти на националниот план. Надлежноста е јасна, на општините, но постапувањето е спорно.

Бидејќи овој материјал има употребна вредност, кога велиме правни и физички лица што собираат и транспортираат отпад, може да се користи сврзникот и, или, бидејќи дефакто собирачите не мора и да транспортираат отпад до местото на отстранување.

Мора да се назначи кои се надлежните органи, или барем кој ги утврдува односно што е тоа, секој што може да се сомнева за карактеристиките на отпадот, да ги извести надлежните органи. Измешани се надлежностите за проценување на карактеристики на отпад, со поднесување на трошоците за проценката. Сертификатот за карактеристиките на отпадот се доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање, или до Инспекторатот за животна средина, и пак на чие барање. Дали овие податоци се инкорпориите во катастарот на загадувачи. Што се превзема против институцијата или индустријата, создавач на сомнителниот отпад. Во случај кога Министерството за животна средина се јавува како претприемач што е дежирен за преземање на санациони мерки при отстранување на закани по животната средина, никогаш нема да се посочува индивидуалната одговорност на прочинителот на предметните штети. Министерството, можеби преку експертски наоди ќе утврди причината за штетите и ќе ја лоцира одговорноста, додека натамошните санациони мерки ќе треба да бидат реализирани на трошок на виновникот и никако не треба да се трошат буџетски, па ниту средства од донации за санирање на ваков вид несреќи. Дури кога нема видливи материјални или морални предуслови за поднесување на одговорноста од страна на било кој правен или физички субјект, грижата за животната средина е во надлежност на општините, согласно Законот за локална самоуправа. Треба да се разграничи дали неутрализирање на штетите од несоодветно управување со опасен отпад, потпаѓаат во состав на самото управување, така што трошоците за вакви непредвидени активности треба да бидат вградени во надоместок за услуга или се екстерни трошоци, за што повторно мора да постои некаква соодветна ставка во локалниот или централниот буџет.

Забраната за производство, увоз и промет на хемиско билолошките средства не значи ништо, без изработување на план за постапно исклучување, т.н. план за имплементација, согласно Стокхолмската конвенција. Доколку се има сознание за начинот и обемот на нивното користење, претпоставка е дека нивното производство на светско ниво е укинато. Планот за напуштање на користење на овие соединенија треба да ги дефинира и начините на супституирање.

Дали има реална основа за изработка на таква листа. Дали претпријатието што ќе отстранува, деконтаминира опрема или масла што содржат вакви средства е истото што управува со други видови опасен отпад. Дали со планот за управување со отпадот ќе се дефинира што е порационално, инсталирање на сопствена опрема за отстранување, или извоз на овие материи за конечно згрижување во странство. Дали е регистарот или листата е составен дел на системот за мониторинг. Дали може да се дефинираат рокови за целосно исклучување на овие материи од употреба.

Интересни се идеите за тоа дека инертниот отпад треба да завршува на специјални депонии, а зборуваме за усогласување на праксата за управување со отпад, со онаа на Европската унија. Инертниот отпад е еден од фракциите кои едноставно можат да се вклучат во рециклирање, реколтивација на постојните диви депонии, дневно прекривање на депонии, како тампон за изведба на локални патишта и слично.

Во чиј интерес е трошоците за работата со депонијата да бидат покриени преку цената на услугата. Не е можно Министерството да биде позаинтересирано за пазарно работење од операторите на самите депонии.

Националниот план за управување со отпадот ќе одговори на прашањето дали горењето на отпадот, утврдено во членовите од 91 до 98 е соодветна технолошка постапка за негово отстранување.

Извозот на отпад односно корисните фракции на отпад не е рационално да се забрани, бидејќи една цела гранка на дилери, со секундарни суровини, се загрозува, а токму тие придонесуваат за намалување на вкупните количества на отпад за депонирање.

Предложените решенија за воспоставување на систем на мониторинг и информативен систем се нецелосни и не соодветствуваат на потребите, согласно состојбите на теренот.

Ова поглавје на законот треба целосно да се избрише и повторно да се преработи, врз основа на реалните претпоставки, во согласност со постоечката законска рамка, пракса и реалните предуслови.

Тоа се еден дел од забелешките на законот и сугестии. Мислам дека Министерството ќе ги земе предвид во наредното читање на законот и се надевам голем дел од овие забелешки ќе бидат прифатени.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот за животна средина и просторно планирање господинот Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Му благодарам на господинот Мавровски за навлегувањето во проблематиката за третманот на отпадот и за големиот број на сугестии. Меѓутоа, се јавив генерално само да кажам некои работи, бидејќи овој закон, голем дел од забелешките што г. Мавровски ги даде, всушност дава основа за регулирање на истите. Овде генерално би кажал дека постои основ за сепарирано собирање и третман на отпадот и  целата таа процедура и механизам за понатамошна обработка, преработка и економски бенефит од истиот. Постои основа за преработка на отпадот што би се добивале економски добивки. Исто така постои основ за рекултивација на постоечките, или пак неискористените и затворените депонии.

Голем дел од забелешките во одредени членови се преземени како директиви. Исто не се согласувам дека, од една страна, според сугестиите дека централната власт навлегува во надлежностите на локалната власт, како надлежност на третман на цврстиот отпад, од друга страна се бара формирање на агенција на државно ниво која ќе се занимава со рециклираниот отпад. Мислам дека во овој закон строго се поделени надлежностите на централната власт во издавањето на лиценци, пропишување на основни услови, пропишување на тип категорија на опрема. Сметам дека со тоа се врши една унифицираност, рамки во кои општините понатаму добиваат целосна слобода да иницираат оператори. Дали тоа ќе биде согласно постоечките и новите закони, дали тоа ќе биде формирање на јавниo комунални претпријатија, дали тоа ќе бидат приватни оператори, или пак ќе биде камбинација на истите. Значи овде се смета дека понатаму со самото лиценцирање од страна на централните органи им се дава целосна слобода на

општинските органи да извршат свој избор на оператори и тука целосно се задоволува нивната надлежност, согласно Законот за локална самоуправа.

Генерално ќе ги разгледаме сугестиите дадени од страна на г. Мавровски и се она што влегува во концепцијата на самиот закон, се разбира сите оние сугестии кои се издржани ќе бидат разгледани и вградени во втората фаза од законот.

(Со седницата продолжи да раководи Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине министре.

Збор има госпоѓа Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитуван министре, претставници на Владата, колеги пратеници,

Најнапред морам да спомнам дека во овој Предлог на закон е вложен голем труд во неговото подготвување и дека тој во основа претставува солидна база за решавање на проблемот со отпадот во Република Македонија и негово ставање во законска рамка. Меѓутоа, сепак сакам и во оваа прилика да искажам и некои мои сугестии и видувања што сметам дека имаат за цел да го подобрат квалитетот на законот.

Проблемот на отпадот е суштински проблем и ако се гледа во сета негова комплексност како таков е логичен след на поголемиот степен на индустрализација на се повеќе развиените општества.

Продукцијата на отпад скоро во сите земји во светот е во функционална зависност со развојот на одделни стопански дејности и како таков е предмет на се поголеми ангажирања на институциите кои се занимаваат со проблемот на отпадот, негово намалување, третман, менаџмент со отпад, па се до развој на т.н. безотпадни технологии.

Јас во мојата дискусија сепак ќе тргнам од членот 2 на предлогот на овој закон се однесуваат на сите видови на отпад, наведени во листата за отпади, освен на прво, радиоактивниот отпад второ, отпадот што настанува при истражување и експлоатација, преработка и кладирање на минерални суровини, трето гасовите што се испуштаат во атмосферата, четврто отпадни води, со исклучок на течниот отпад, петто, животински отпад, трупови ѓубрива, измет итн., како и други видови на неопасни материи од природно потекло кои може да се искористат во земјоделието, шесто, деактивирани експлозиви, распрскувачки средства и материи.

Ако се погледне овој член од Предлог законот, логично по мене се наметнува прашањето дали во Република Македонија постои согледување за количините на отпад кои се продуцираат и дали постои согледување за структурата на отпадот. Јас сепак за ваша илустрација ќе наведам некои податоци кои се однесуваат на земјите на Европската унија. Имено во овие земји годишно се продуцираат околу 9 милиони тони отпад од кои 420 милиони тони е комунален отпад, 1,5 билиони тони еиндустриски отпад кој во себе вклучува околу 300 милиони тони опасен отпад. Околу 7 билиони тони отпад отпаѓа на производството на енергија, рударство, земјоделие и рушење на објектите.

Ако се има предвид структурата на стопанските активности во Република Македонија, тогаш по мене веднаш, во членот 2 малку е нелогично, со овој закон каде што огромна количина на отпад која веројатно по мене ќе претставува доминантна количина, не биде предмет на третирање на овој закон иако и фактот кој го прави овој отпад во животната средина, е огромен, пред се мислам на точките 2, 3 и 4 на членот  2 од овој Предлог на закон. Да не ја споменувам катастрофата на рудниците Злетово, пред 30-тина години и катастрофата од неодамна во рудникот Саса и фактот што капацитетите за преработка на руди во Македонија го имаат во животната средина.

Мое мислење е дека овој закон би требало да се трретира интегрално односно интегрално да го третира отпадот и како таков да ја опфати целокупната проблематика на отпадот. Истото да се однесува и за точките 1, 5 и 6 на членот 2 од овој закон.

Исто така, почитувани колеги пратеници, во оваа прилика би сакала да укажам уште на два моменти за кои сметам дека се важни и кои како такви би требало да најдат место во Предлогот на законот за отпадот. Станува збор за карактерот на третманот на увозните материи што го дискутирав и по Предлог законот за воздух, што се користат во нашата индустрија, а кои споредени со некои наши суровини битно се разликуваат по составот. Мене логично е да се разликуваат и по инфактот што ќе го имаат на животната средина. На пример увозот на одредени типови на руди кои се преработуваат во металургиските комбинати, увозот на одделни типови на посилни горива, дрвена граѓа, увозот на градежни материјали и многу други стоки кои се предмет на увоз, а кои од своја страна не се третираат во однос на тоа дали, споредени со нашите суровини претставуваат извори на додатни количини на отпад, или не.

Вториот проблем што сметам дека треба да се третира со овој Предлог на закон е дека треба да се обработи и проблемот на досега контаминираните подрачја со опасен отпад. Да се утврди дали такви простори во Република Македонија постојат, дали се направени детални согледувања на ова прашање што во секој случај треба да даде одговор, бидејќи сметам дека здравјето на граѓаните треба да биде интерес и на државата.

На крај би сакала да предложам и мое видување кое се однесува на членот 17 од овој закон во кој се зборува за стимулативни мерки за избегнување на создавање на отпад. Мислам дека тоа е премногу слаба формулација. Би требало да се примени подобра и постимулативна формулација, во смисла на ослободување на одредени даноци, доколку се воведе безотпадна технологија.

Имајќи предвид каков е менталитетот на нашето население, во смисла на зачувување на животната средина од отпадни материјали, сметам дека со една таква одредба ќе можеме стимулативно подобро да дејствуваме и на некој начин да дадеме импут врз основа на тоа да охрабриме, да се формираат вакви претпријатија кои на некој начин ќе се грижат за рециклирање и отстранување на отпадните материјали.

Според мене тоа е добра рамка на зкаон. Уште еднаш ќе кажам дека моите пофалби кон Министерството за животна средина, во подготвување на своите законски проекти и ќе го поддржам Предлог законот во прва фаза, а се надевам со одредени измени и забелешко во втората фаза ќе добиеме уште поквалитетен Предлог на закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има г. Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги на Владата, колеги пратеници,

Основните причинители на загадувањето на животната средина претставува токму она што носи најголем профит, поточно отпадот од индустриските производи, иако не е за занемарување влијанието врз загадувањето на воздухот, водите и почвата, автомобилите и агро културните хемикалии. Сите овие факти се доволен покажател дека е повеќе од потребно донесување на нов закон со кој интегрално ќе се уредат прашањата за управување со отпад, а сето тоа ќе резултира со здрава животна средина.

Најпрвин мора да се напомене дека оваа материја е несоодвено регулирана со досегашните закони. Имено, со законот за отпад, законот за комунални дејности, законот за одржување на јавната чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад.

Со донесување на еден ваков закон ќе се обезбеди целосно интегрирано регулирање на оваа материја, која ќе придонесе кон подобрување на животната средина воопшто.

Втора причина за донесување на ваков закон се реформите во локалната самоуправа, со што дел од надлежностите од централните органи се префрлаат на органите на локалната самоуправа и со донесувањето на еден ваков закон поконкретно ќе бидат уредени тие надлежности.

Трета причина која е мошне важна во овој момент е хармонизацијата на македонското законодавство со законодавството на Европската унија, која обврска произлегува за Република Македонија со потпишувањето на Спогодбата за асоцијација и стабилизација што ја напомнав во мојата дискусија во петокот.

Предлогот на закон за управување со отпад, на еден сосема нов интегриран начин го регулира управувањето со отпадот, бидејќи одговорноста е дадена на сите субјекти кои продуцираат отпад. Предлогот ги опфаќа основните принципи на управување со отпадот со што дава можност за влегување на приватната иницијатива во оваа област.

Видните современи решенија кои имаат за цел намалување на создавањето на отпадот и негов соодветен третман.

Воедно предлогот ги почитува надлежностите на локалната самоуправа во управувањето со отпадот каде соодветно ја зголемил иницијативата и одговорноста на единиците на локалната самоуправа.

Со овој закон се воведува селектирање на отпадот дадено како приоритет во управувањето со отпадот, земајќи ја истовремено можноста да се користи отпадот како потенцијален извор на енергија.

Во предлогот се ставени стратегија и план за управување со отпадот што овозможува активно вклучување на сите чинители, а особено на ова Собрание на Република Македонија во донесување на стратегијата.

Предлагачот формирањето на депониите го довери на единиците на локалната самоуправа, но местото на нивното формирање ќе биде исклучиво утврдено со планот и стратегијата за управување со отпадот.

Исто така го поддржувам решението на надлежноста во постапувањето со опасниот отпад да биде дадено исклучиво на државата додека постапувањето со други видови отпад се става во надлежност на единиците на локалната самоуправа и други правни и физички субјекти.

По однос на финансирањето го поддржувам воведувањето на системот на напалта на надоместокот според количината на создаден отпад кој е востановен систем и во другите западноевропски земји каде конечен став за висината на надоместокот го заземаат единиците на локалната самоуправа.

Би сакал да напоменам дека предлагачот на законот во изработката на Предлог законот би можел да воведе и норми со кои ќе се предвидат мерки и активности за иницирање на постапките за минимализација на отпадот кој ќе заврши на депониите.

За таа цел треба да се предвиди организирање на современи технологии на собирање и селектирање на отпадот, а формирање на рециклажни острва, претоварни станици, собирни пунктови за отпад и стимулирање на изградба и инсталирање на капацитети, постројки за преработка на отпадот.

Со вака креираната политика се остваруваат услови за одржливост во управувањето на отпадот и другите ефекти во заштитата на природата и животната средина, заштита на здравјето на граѓаните и намалени трошоци за здравствената заштита на граѓаните, намалени количини на отпад кој ќе се депонира, отворање на нови производни преработувачки капацитети, зголемување на вработувањето, продолжување на периодот на експлоатација на депониите, порационално искористување на просторот, порационално искористување на секундарните материи од отпадот, зголемување на продуктивноста на трудот и националниот производ и на крај зголемување на стандардот на граѓаните.

Посебно во овој предлог за донесување на закон би сакал да истакнам што во законот е предвидена наплата на мандатна казна од страна на полицијата за оставање на отпад на места кои не се предвидени за таа намена. На овој начин верувам дека ќе можеме да допреме до свеста на граѓаните за спречување на фрлање на отпад на улици и диви депонии.

Може би казната од 300 до 3000 е премала и предлагам да се зголеми максималната казна.

Од сето ова што досега го наведов, пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој Предлог за донесување на закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнит заклучок.

Пред да го прочитам заклучокот ги молам колегите пратеници да влезат во салата и да пристапиме кон гласање.

Истовремено ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

(Нема доволен број)

Уште еднаш ги молам сите колеги пратеници кои се во собранието да влезат во собранискатa сала за да пристапиме кон гласање.

Имаме кворум.

Ве молам, да го усвоиме следнот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за управување со отпадот.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има во предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на Работните тела како и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Работните тела и стенографските белешки од расправата на седницаста на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 за, 1 против, нема воздржани во присуство на 68 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 25-та точка од дневниот ред - Предлог на национална програма за културата за периодот од 2004 до 2008 година.

Предлогот на националната програма, извештаите на Работните тела на Собранието и мислењето на Комитетот за односи меѓу заедниците Ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Националната програма за културaа за периодот од 2004 до 2008 година.

(Повеќето од пратениците почнаа да ја напуштаат салата).

Колеги, ќе имаме гласање по одредени амандмани, па би ве замолила ако може, да останете во салата пред да преминеме на општиот претрес.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на страница 21 во делот Одделни приоритети односно заштита на културното наследство и за менување на алинеја 3.

На страница 23 во делот Одделни приоритети - издавачка дејност и литература алинеја 5 страница 23 во делот одделни приоритети музичко творештво, музичка, оперска и балетска дејност, за додавање нова алинеја по алинејата 1.

Страница 24 во делот Одделни приоритети односно домови на културата алинеја 2.

Страница 24 во делот Одделни приоритети филмско творештво алинеја 4.

Страница 24 во делот Одделни приоритети ликовно творештво, галериjска дејност за додавање нова алинеја по алинејата 4.

Страница 25 во делот Одделни приоритети културолошки истражувња за менување на алинеја 1, и на алинејата 3.

Страница 26 во делот Одделни приоритети поддршка на дефицитарни кадри и млади таленти и тие се составен дел на текстот на Предлогот на Програмата.

ЗПК поднесе амандман на насловот на Програмата на нормативна дејност во културата и усогласувањето со правото на ЕУ. Во алинеја 2 како и на крајот на текстот на програмата во претпоследнот став со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на предлогот на Програмата.

Комисијата за култура поднесе амандмани за додавање две нови алинеи во општите приоритети пред првата алинеја и за додавање нова алинеја во одделните приоритети во делот за музејска вредност, по кои Влада не се произнела.

Пратениците Лилјана Ивановска, Роза Топузова - Каревска и Томе Тромбев, поднесоа амандман за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4 во одделните приоритети во Делот за музејска дејност по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање две нови алинеи во општите приоритети пред првата алинеја, поднесен од Комисиајта за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Првиот амандман не се прифаќа, бидејќи е составен дел на текстот и вграден во тие приоритети.

Вториот амандман се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сега сме на амандманот поднесен од Комисијата за култура.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Во општите приоритети стои афирмирање на културниот идентитет на заедниците. Тоа е соодветно на она што се предлага.

Вториот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Молам, кој бара збор?

Г-споѓа Елеонора Петрова - Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА - МИТЕВСКА:

Што се однесува до првиот амандман не се бара културен идентитет на заедниците, туку културен идентитет воопшто. Под културен идентитет станува збор за културниот идентитет на нацијата односно културниот идентитет на една земја за кој сметам дека е од особена вежност и во сите програми на сите држави културнит идентитет стои на прво место за одредена држава односно за одредена национална програма. Значи, некултурен идентитет на заендиците кои веќе ја содржи Националната програма, туку културнит идентиет на земјата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за 16, воздржани 3, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање две нови алинеји во општите приоритети по првата алинеја, поднесен од Комисијата за клтура.

Се извинувам, дали имало проблем, дали пратениците знаеја за што гласаат? Немаше проблем.

Се извинувам затоа што гледам одредени реакции од колеги, па затоа реагирав.

Отворам претрес по амандманот за додавање на нова алинеја на Одделните приоритети во делот музејска дејност, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодрам, амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова алинеја 5 по алинеја 4 во одделните приоритети во делот музејска дејност, поднесен од пратениците Лилјана Ивановска, Роза Топузова Каревска и Томе Тромбев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Бидејќи овој амандман Комисијата за култура го даде а националната прогрма говори за насоките, правците тој е содржан во тоа. За мрежата не говори националната програма во тоа е разликата, не го прифаќаме, бидејќи по одлука на Владата се донесуваат одлуки за нови институции. Дали ќе бидат музеи, конзерваторски центри, театри, балети, основањето ќе биде со одлука на Влада. Тоа не е предмет на Националната програма.

Амандманот не се прифаќа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор г.Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам потпретседателке,

Овој амандман го предлагаме јас г-динот Томе Тромбев и госпоѓата Роза Топузова Каровска толку колку што успеавме во времето на идејата за измената на одделните приоритети од културното наследство тоа е основање на музеј на архитектура и градителско наследство.

Ако ми дозволите малку пошироко сакам да го образложам амандманот за основање на музеи на архитектура и градителско наследство.

Колегите пратеници и македонската јавност не треба да ги потсетувам дека архитектурата и градителското наследство се израз од највисок национален идентитет и највисок интерес на Република Македонија со оглед дека го одразува целокупниот идентитет на државата. Да потсетам дека националната македонска архитектура ја проучувале и се восхитувале големите архитекти како Корбизие, исто така ја изичувал г-динот Грабиер кој посебно има издадено македонска куќа како посебно истражување и како извонредно богато архитектонско наследство.

Во почетокот на културното живеење исто така почитуваните архитекти Брезовски и г-динот Крум Томовски се основачи на Музејот на Современа уметност на Република Македонија  и во прилог на амандманот за основање на Музеј на архитектурата и градителското наследство сакам посебно да ги истакнам активностите, а тоа е постојано организирање на изложби на архитектонското наследство и творештво во подолг период вклучувајќи ги и плејадата светски архитекти кои работеа на обновата и изградбата на Скопје после земјотересот.

Тука сакам посебно да го истакнам традиционалното биенале на македонската архитектура кое се одржува од 1981 година, до денес во организација на асоцијацијата на архитекти на Македонија и во член 17 од Правилникот на Биеналето на македонската архитектура БИМАХ стои зацртано, дека по одржувањето на Биеналето на македонската архитектура трудовите остануваат во сопственост на асоцијацијата на архитекти на Македонија како фонд за основање на архитектонски музеј.

Со ваквите широки активности сакам да потсетам исто така за доделувањето на престижната награда “Андреа Дамјанов” и годишната награда за архитектура која традиционално ја доделува Претседателот на Република Македонија.

Исто така и активната меѓународна соработка со Меѓународната Унија на архитекти и организирање на изложби на архитекти од светски ранг.

Од сите наведени активности создадена е огромна и драгоцена документација која, поради немање соодветна институција, е разделена и исчезната. Со основање на оваа институција ќе се создаде можност сегашните и идни професионалци да истражуваат и соодветната документација да ја користат за развој на оваа значајна творечка дејност која е израз на нашиот културен идентитет и која има голема традиција во нашата земја.

Овој предлог амандман Музејот на архитектура и градителско наследство во себе треба да ги обедини потребите на повеќе субјекти. МАНУ каде почитувани колеги архитекти се членови на МАНУ, Музејот на Современа Уметност, Музејот на Македонија, Асоцијација на Архитекти на Македонија, Архивот на Република Македонија, научни институции, Архитектонскиот факултет, Градежниот факултет, Филозофскиот факултет, Републичкиот завод за заштита на културата, Градските заводи, Градските музеи и сл.

Програмската насоченост и активностите на оваа институција би била дефинирана како музејска изложбена дејност, архивска дејност, издавачка дејност, истражувачка дејност, институционална соработка и мрежно поврзување.

Имајќи го предвид изнесеното го предлагаме овој амандман и апелирам до колегите пратеници, да го поддржат во интерес на заштита на културниот идентитет.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор?

Има збор министерот за култура Благој Стефановски.

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ:

Да нема недоразбирање, со сета почит кон она што архитектурата го дала и кон основање на таков музеј, без разлика што сега немаме такви просторни услови, биенално се одржува во Музејот на Град Скопје каде може да се основа и да почне, како и Музејот на театарот кој е во Факултетот за драмски уметности.

Впрочем, најтешкиот проблем го имаме со фонограмите, знаете во која ситуација е МРТВ, а таму се наоѓаат сите фонограми, записи, кои дел се на помнењето на историјата на овој народ и тие работи треба да се заштитат. Меѓутоа, ние говориме со еден друг јазик, ова е Национална програма, а таа говори за правците, за стратегијата, за еден среднорочен план, а основањата се пренесени во Владата и јас мислам дека тоа го правиме, впрочем за прв пат оваа година се прават напори да се учествува на Биеналето во Венеција на Архитектура. Никој не го оспорува тој факт, со сиот респект мислиме дека не е местото тука. Штом просторно и кадровски се решат тие проблеми, нема проблем да се основа. Имаме проблем со конзерваторските центри во западна Македонија, но и тоа ќе го направиме, меѓутоа, тоа е друг дел и ќе кажам зошто Националната програма ги избегна тие работи едноставно деловите кои ќе дојдат како основање на такви објекти и институции ќе бидат со одлука на Влада, а Програмата се бави само со насоките и правците на Македонија за овој среднорочен план 2004-2008 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, има збор Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Ви благодарам госпоѓо потпретседателке, јас ќе гласам за амандманот на предлагачите, меѓутоа, ова што го кажа министерот за култура на некој начин би се согласил дека тоа е со одлука на Влада. Меѓутоа, ако веќе постои ваква иницијатива еве го давам предлогот да се направи еден иницијативен одбор, да се отиде до Министерството за култура и до министерот и едноставно преку Министерството да се предложи со одлука на Влада да се формира ваков музеј.

Мислам дека нема да има против министерот за култура за еден ваков состанок каде преку Министерството за култура ќе се придонесе и со одлука на Влада да се направи Музејот за архитектура и за градителство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за гласале 25 пратеници, против гласале 45 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нова алинеја 5 по алинејата 4 во одделните приоритети , поднесен од Лилјана Ивановска, Роза Топузова-Каревска и Томе Тромбев.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на националната програма за културата за периодот од 2004 до 2008 година.

Кој бара збор?

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, почитувана потпретседателке, Националната програма за култура е подготвена согласно законот за култура, за утврдување на среднорочни развојни насоки за остварување на националниот интерес во културата.

Собранието на Република Македонија донесува национална програма за култура за период од 4 години. Оваа програма се однесува на период од 2004 до 2008 година. Со националната програма за култура се операционализираат концептот за национален интерес во културата и се утврдува стратегија за негово реализирање. Во таа смисла националната програма за култура ги утврдува среднорочните развојни насоки и мерките за културна политика, иницирање и подршка на простеритетен и одржлив културен развој. Акцептирајќи ги особеностите на културните процеси и законската нормативна структура националната програма се базира и на научните и теоретските сознанија за културата, странските компаративни искуства, искуствата на истакнати творци и културни установи. Со неа културниот развој ќе се концепира на објективни претпоставки и ќе претставува контролен и корективен инструмент на културната политика од евентуалното субјективно, идеолошко, или партиско артикулирање на националниот интерес во културата. Донесувањето на националната програма за култура за првите 4 години е

посебно значајно, бидејќи со неа се утврдува и стратегијата за реформи во културата која ќе создаде услови за воспоставување децентрализиран систем во културата. Обемот, значењето и сложеноста на законската дефинирана содржина на националната програма за култура беше и една од причините за нејзиното донесување далеку подоцна од утврдениот рок од 6 месеци по донесувањето на Законот за култура во 1998 година. За нејзиното подготвување беше потребно аналитичко опсервирање на состојбите за да ги елаборираат предложените насоки и определби во националната програма. Одтука таа е подготвена подолг временски период и во нејзината подготовка учество земаа истакнати творци од областа на културата. Истата е разгледувана и потврдена од Советот за култура, советодавното стручно тело на министерот за култура, а и доставеното мислење на сите релевантни субјекти од областа на културата. Во периодот од 22 септември 2003 до 21 октомври 2003 беше дадена и на јавна расправа. Значи, на 4 декември 2003 година беше во Младинскиот културен центар Скопје организирана и јавна дебата по завршниот текст на Националната програма за култура. Пристигнувањето забелешки во Националната програма со сите фази и нејзината подготовка во основа се афирамтивни и позитивни и заради тоа што дел од нив се соодветно вградени во текстот на Националната програма. При нејзината подготовка земени се во предвид странските искуства во изработка на слични документи, респектирани се укажувањата на странските експерти на Советот на Европа искажани по повод усвојувањето на Националниот извештај за културна политика во Република Македонија во Стразбур во месец октомври 2003 година. Националната програма е конципирана како неразделна целина во која се содржани темелните принципи, целите, стратегијата и приоритетите на културната политика во следниот 4-годишен период, како и насоките за развој на мрежата на националните установи. Темелни принципи врз основа на кои се гради културата се следниве: достапност, разновидност, отвореност, одговорност, флексибилност. Достапноста до културните вредности се однесува на остварувањето на културните права на сите граѓани во досегашниот концепт на културата, грижата и поддршката беше концентрирана на создавање на творештвото и заштита на културното наследство. Меѓутоа, истовремено со оддржување и подигање на стандардите на уметничкото творештво, неопходно е да се спремиме творештвото да стане достапно на сите. Културната разновидност се однесува и на негување на богатството од различности во културниот идентитет на Македонија, како и на потребите од проширурвање на подрачјето на творечки форми и на уметничката слобода. Во културата како

подрачје на слобода и на имагинација на духот се изразуваат разликите и различните искуства како вредности на поединецот, на социјалните групи и на заедниците. Преку тоа се изразува и нивната препознатливост и особеност на нивниот идентитет. Со амандманите на Уставот на Република Македонија во 2002 година се нагласува мултикултурноста на општеството, имплементирајќи го Рамковниот договор со кој беа поттикнати промените на Уставот и вградување на амандманите и со измените на Законот за култура, културата, државата обезбеди правна основа да ја поттикнува и ја помага културата преку создавање на еднакви услови за изразување, за негување и за афирмирање на културниот идентитет на сите заедници, со цел да и се создаде соодветна содржина на установата и на законската норма со оваа програма ќе се прошират материјалните, институционалните и кадровските претпоставки за развој на културата на сите заедници и ќе се обезбедат еднакви услови за нејзиното остварување.

Со мултикултурниот концепт ќе се стимулираат и ќе се охрабруваат особеностите на сите заедници што ќе придонесе за взаемно проникнување интгеркултурна акција низ која ќе се збогатат содржините и формите на секоја култура посебно и на сите заедно, ќе се создаваат нови синтези за поврзувачко ткиво и како нов квалитет на општеството. Отвореноста е темелен принцип на културниот систем. Културата не може да опстојува како затворен систем. Таа постои само низ отвореноста и комуникацијата, бидејќи на тој начин се проверува себе си и се унапредува. Оттука се става акцент на транспарентноста и јавноста на процесот на донесување на одлуки за прашања од интерес на културата. Одговорноста подразбира почитување на етничките норми на професијата и правните обврски. Токму заради тоа покрај проширувањето на правата, покрај поттикнување и надградување на успешно завршената работа за инвентивноста потребно е подигање на моралните и на правните стандарди и одговорноста, на дисциплината на работење и контрола на квалитетот на извршените задачи. Флексибилноста се однесува на потребите да се искористат сите добри можности за културен развој. Оттука Националната програма претставува општа рамка која ќе се надградува во зависност од потребите што ќе се наметне идниот развој и примена на конкретните активности. Цели и развој на културната политика за наредниот период се: децентрализација на културата, искористување на културата како ресурс за развој, заштита и креирање на културното наследство, поттикнување на современото творештво со посебен фокус на културните потреби за младите, враќање на дигнитетот на творецот и на творештвото и создавање услови за

остварување на заштита на врвните културни вредности, подобрување на менаџментот во културата. Во програмата се вградени и стратегија за реализирање на темелните принципи и целите. Во Националната програма за култура се истакнуваат и приоритетите за културниот развој. Општите приоритети на Националната програма се децентрализација, балансирана поддршка на културното наследство и на современото творештво, подобрување на менаџментот во културата, меѓународна соработка, соработка со соседите, афирмирање на културниот идентитет на заедниците, соработка со невладини организации. Покрај општите утврдени се приоритети по одделни дејности и обласmethod на културата. Определбите на Националната програма за култура ќе се реализираат преку средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија  за дејностите од годишните програми на Министерството за култура во тоа ќе бидат утврдени проекти и програми  што преку конкурс се утврдени дека се национален интерес. Меѓутоа, ќе се направат активности за привлекување на средства од други алтернативни извори. Со националната програма за култура ќе се доврешат неопходните реформи во културата со што ќе се создаде нов модел на културата кој ќе ги акцептира промените на општеството што се случија по осамостојувањето на Македонија. Програмата истовремено е и посредна основа за започнување на процесите на децентрализација и приватизација во културата. Проекциите и промените кои ќе ги иницира и поттикнува Националната програма ќе придонесат кон подигање на квалитетот на културата и животот на индивудуален и колективен план. Имено, Националната програма за култура се донесува за да се одржи и подигне квалитетот на културата  како темелна вредност на животот на граѓаните во Република Македонија . Значи, Националната програма е една широка рамка која ги става сите правци и насоки во овие 4 години, или е среднорочен план стратегија за развој на културата во Република Македонија . Сакам да ве убедам , долго време се заговара од 1998 врзана со Законот за култура беше Националната програма. Некои незнаејќи го значењето се издигна до проблем да се исфрустрира нацијата дека ние немаме национална програма. Тоа не соодвествуваше со она што значи Европски модел и градење на Националната програма на културата, кога викам Национална, мислам на државен интерес за културата. Тој дел со донесувањето и одбрана  во Стразбург на Националниот извештај со тоа што веќе Словенија иако во  еден момент се откажа од тоа , денес се при крај со донесувањето на еден ваков развоен документ. Ние се усогласуваме со Европското законодавство во културата. Овој дел секогаш може да се надоградува.

Во овој момент јас сакам да се заблагодарам на сите луѓе кои дадоа придонес. Ова не е само оваа Влада, или луѓе кои што се од оваа страна, или од другата страна, сите дадоа придонес и јас на сите им се заблагодарувам. За тоа зборува и Националниот извештај и затоа го одбранивме и дадовме еден интерес дека ние поинаку го поимаме и дека делот на културата или мултикултурата на Република Македонија е посебен акцент и посебен придонес во делот на имплементирање на целото наше законодавство во Европското законодавство. Ве убедувам дека ние на темата на мултикултурата можеме да се афирмираме . Значи, покрај тоа што ќе го негуваме идентитетот на секоја култура, ние заеднички треба да најдеме и да ги имплементираме и да го правиме тој тип на нешта кои што ќе бидат нешто кое што ќе биде пример и кое што ќе ги покажува сите овие наследени слоеви на културното наследство, меѓутоа и на културата на разни народи и заедници кои овде опстојуваа а кои овде и натаму треба да опстојуваат. Значи, ве убедувам дека оваа широка рамка дава можност на сите , ве убедувам дека ова во брзо време и со одлука на Владата многу делови кои што ги немаме , со основање и остварување на кадровски и просторни можности дека таквите нешта ќе бидат дело на една реалност. Во таа смисла сакам да ви се заблагодарам за целата оваа подршка која ја дадовте низ комисиите, низ процедурите , низ деловите на јавните расправи, низ деловите на заедничката средба која ја имавме во големата сала на МКЦ и во се она што го давате и ќе го дадете и со денешната расправа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-ѓа Елеонора Петрова-Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА- МИТЕВСКА:

Благодарам г-ѓо потпретседател, колеги пратеници, претставници на Владата,

Денеска на дневен ред имаме една многу значајна точка, тоа е Предлог на националната програма за културата за периодот од 2004 до 2008 година, особено важна и значајна за сверата на културата. Мене ми е жал што некако толку се испролонгира нејзиното презентирање пред јавноста и нејзиното доаѓање во Парламентот и конечно прифаќање се надевам денес, бидејќи патот на Националната програма во културата е започнат уште во 1998 година, уште со законот за култура кој што беше донесен во 1998 година, имаше заложби Националната програма да биде донесена на 6 месеци. Меѓутоа, вие знаете дека во 1998 година, настана промена на Владата. Новата Влада која што беше од 1998 до 2002 година, не успеа да ја донесе Националната програма за култура и покрај големи заложби и после 2002 година,почна да се работи на националната програма

за култура која што се дефинира и се вообличи ваква каква што е до крајот на 2003 година и дојде во законска процедура во Парламентот на Република Македонија во почетокот на 2004 гопдина. Дали заради фактот што точката на дневен ред се одложи, дали заради фактот што и така имавме една пауза од еден месец во работењето, дури денеска доаѓа како точка на дневен ред Националната програма за култура. Меѓутоа тоа незначи дека ние денеска и сега нетреба да и го дадеме вложното внимание и вложната почит на овој многу значаен документ кој што е прв од ваков вид во Република Македонија .

Република Македонија за прв пат донесува сега Национална програма за култура и можеби заради тоа во текот на овие 6 години интересот за еден ваков документ беше толку голем што одеше од полемики, од прифаќање, од негирање, од сосема ново начелно гледање на работите до апсолутно прифаќање и потреба за вакво нешто да се донесе. Затоа и значењето на ваквиот документ одеше од тоа дека Националната програма за култура, за културата во една држава е оче наш, Библија, свето писмо без кое што една држава неможе да функционира до потполно негирање на потребата од постоење на еден ваков документ, сметајќи дека голем број држави немаат такви документи , а одлично им функционира културата.

Моето мислење, мојот став е некаде на средината . Значи не дека е свето писмо, оче наш или Библија за културата, или не дека не е потребен како документ, туку дека е еден значаен развоен документ за сверата на културата кој што треба да ја направи стратегијата во културната свера во наредниот хронолошки период од 4 години, овој пат од 2004 до 2008 година. Зошто сметам дека треба едно средно решение да се обмисли за еден ваков документ и за неговото значење, заради тоа што сите европски држави под било кое име имаат вакви документи, дали се викаат стратегиј, и дали се викаат Национални програми, дали документите се насловени со други наслови, меѓутоа сите имаат некои програми каде што ја канализираат стратегијата како ќе делуваат во наредниот хронолошки период во културата. Затоа е потребно и Република Македонија да донесе Национална програма за културата, иако по толку долго чекање која што ќе биде прва и се надевам дека сите во своите дискусии треба да бидеме беневолентни и добронамерни заради тоа што е прв документ од ваков карактер и дека и критиките треба да бидат умерени и да бидат само конструктивни, односно во насока на подобрување на националните програми во некои наредни хронолошки периоди. Значи, оној момент кога од Националната програма се одлучи да се извлече мрежата на национални установи и оној момент кога со Националната програма не се донесуваше мрежата на национални установи,

тогаш можеби тоа е точката кога Националнта програма стана помалку интересен документ, бидејќи мрежата на национални установи ја одредува сега Министерството за култура, а Националната програма ја одредува само реизложната структура на понатамошното работење на овие институции. Значи, оној момент кога се извади мрежата на национални институции од Националната програма, таа можеби престана да биде во жижата на интересот на медиумите, на јавноста, на луѓето од културата, бидејќи се децентрира значењето барем во просторот на тоа кои институции ќе бидат од национален карактер. Националната програма за култура која што ја имаме пред нас ги помина сите релевантни филтри и во земјата и надвор од неа и во Советот на Европа и во Република Македонија . И сега ја имаме во оваа форма каква што ја имаме каде што има поголем број елементи кои што ја сочинуваат, се разбира можеби малку неадекватно распоредени. Темелните принципи кои што се достапност, разновидност, отвореноста, одговорноста и флексибилноста зафаќаат неколку страни во текстот, потоа доаѓаат целите на националната Програма, потоа доаѓа стратегијата во Националната програма и целиот тој дел од Националната програма зафаќа 20 страници. Ова повеќе може да се рече дека е еден теоретски дел во Националната програма. Оној дел кој што се вели приоритети во културниот развој, односно приоритети кои што треба да бидат вградени во Националната програма, потоа е стегнат во неколку страни здраво среден текст кој што можеби би требале да бидат подолги, бидејќи луѓето од сферата на културата најмногу се заинтересирани токму за приоритетите во културниот развој, односно за Националната програма во наредните 4 години и можеби на тоа посветуваат најголемо внимание.

Во општите приоритети Комисијата за култура, јас лично го предложив културниот идентитет.

Би сакала да се задржам малку повеќе сега на културниот идентитет, бидејќи сметам дека во сите програми, во сите национални програми за култура, во сите стратегии, во сите развојни документи кои што се однесуваат на сверата на културата во било која држава во Европа, постои една таква одредница која што се однесува на културниот идентитет на една држава. Точно е, министерот ме убеди дека културниот идентитет е основна цел и е секаде присутен во Националната програма на културата која што ја имаме пред нас. Меѓутоа, особено за една земја каква што е нашата, особено за една земја која што многу често доаѓа под нападите, под идеите, под можностите да биде тој негиран културен идентитет, можеби требаше да стои културен идентитет на државата како прва и како најзначајна

стратегија. Зошто го велам тоа? Сите сте тука сведоци, а поголемиот дел од вас и се потпишавте на активностите кои што ги разви пред скоро време невладиниот сектор во Република Македонија врз основа на еден непостоечки документ кој што произлезе од Советот на Европа, односно од канцеларијата на Генералниот секретар на Советот на Европа Г. Валтер Швимер. Во тој непостоечки официјален документ, меѓутоа кој што процури до сите релевантни и нерелевантни структури во Република Македонија стоеше дека може да стане двоумење околу тоа што значи македонски културен идентитет, македонска традиција, македонски јазик и македонска култура. И бидејќи околу тоа најмногу споревме и во нашите средби кои што ги имавме во Стразбург и добивме извинување за целиот тој немил настан кој што се случи во Советот на Европа, а невладиниот сектор во Република Македонија навистина одлично го одработи , а вие сите го потпишавте тоа . Сметам дека националниот идентитет, односно културниот идентитет би требал да најде место во општите приоритети на националната стратегија на културата, односно националната програма за култура.

Меѓутоа, бидејќи провејува во целиот документ, еве да речеме дека тој елемент е поткрепен. Но, ништо не пречеше, особено заради фактот што кај големиот број европски држави културниот идентитет во земјата го ставаат како приоритет во развојот на државата пред економските параметри, кога станува збор за развој на една држава.

Продолжуваме со општите приоритети, кои што покрај културниот идентитет требаше да ја содржи и културната разнолиост, што ја содржи во повеќе форми. Потоа, децентрализацијата и дисперзијата на културата и деметрополизацијата на културата.

Би сакала малку да се задржам на овие приоритети кои што сметам дека се многу значајни, бидејќи во процесот на децентрализацијата на културата некако ја забораваме дисперзијата и деметрополизацијата на културата. Кога зборуваме за децентрализација на културата не знам дали ги имаме во смисла, дали ги имаме предвид сите оние елементи што значат децентрализација на културата. Затоа, сметам дека во идните документи кои што ќе се донесуваат за националната стратегија на културата, дека деметрополизацијата е еден од значајните елементи кој што би требало да го заземе своето место исто како и дисперзијата на културата односно на културните дејности. Децентрализацијата без дисперзијата и деметрополизацијата не може да функционира бидејќи сето тоа претставува дел од

една целина која што помага да се дефинира и процесот на децентрализацијата во културата.

При донесувањето на националната програма за култура од голема полза секако дека беа овие два документи кои што се приоритети за културна политика во Република Македонија 2003-2006 година и основи на долгорочната културна политика во Република Македонија, кои што беа и претставени пред меѓународната јавност во Советот на Европа. Меѓутоа, не знам зошто подготвуваме едни документи за репрезентација пред надворешните фактори кои што треба да ја оценуваат нашата програма во културата, а потоа доработуваме додатни елементи во она што треба да се презентира во Република Македонија, бидејќи доволно беше што еднаш е направен толкав голем труд кој што многу солидно е изработен во овие два приоритети кои што се презентирани пред меѓународната јавност.

Не би сакала многу да должам, бидејќи колку што видов на часовникот пред да дојдам тука, ми останаа 17 минути кога започнав, сега верувам дека времето е многу скратено. Она што можеби треба да биде исто така кажано, а да не биде во општи приоритети, туку во поодделните приоритети на националната програма за култура е она што веќе влезе во амандманската расправа и она што поголем број колеги го дадоа гласот за формирање на посебни музеи во одделни сфери или како што јас би сакала да го кажам нови музејски форми, како што и треба да стои. Меѓутоа, факт е дека со Законот за култура, националните институции и другите институции се формираат со одлука на Владата и тоа тука секако не може да влезе во националната стратегија за култура. Меѓутоа, во музејската дејност секако дека треба да влезе форма, нови музејски форми, бидејќи ние не можеме да сметаме дека оние музејски форми кои функционираат во Република Македонија од 19 век и од почетокот на 20 век, археологија, етнологија, историја и средновековна уметност, дека тие музејски форми се доволни да го покажат развитокот и на културата и на новите технологии. Затоа, сметам дека новите музејски форми, било тоа да станува збор за музеи на култура, музеи на архитектура, поштенски музеи, железнички музеи, театарски музеи, за црковен музеј, да не набројувам тука имам една листа од 29 можности какви се музеи можат да бидат. Значи, нови музејски форми секако дека треба да зафатат место во музејската дејност.

Исто така, треба да се обрне големо внимание и на новиот технолошки развој, бидејќи без нов технолошки развој, што е веќе ставено во Националната програма за култура и што сметам дека е многу битно, не можеме да зборуваме за развојот ниту на Националната програма за култура.

Уште едно би сакала да кажам, а тоа е точката која што се однесува на културниот туризам. Точката на културниот туризам од кога постои Законот за култура од 1998 година некако паралелно со овој закон почна да се зборува прво срамежливо, потоа веќе не толку срамежливо  како многу значаен сегмент од културата за сферата на културниот туризам. Значи, за културниот туризам зборуваме исто така шест години, колку што зборуваме и за Националната програма за култура. Ако зборувае шест години, ако културниот туризам е еден од значајните фактори, не само во развојот на нашиот туризам, туку и во презентација на нашата култура, не само пред нашата македонска јавност, туку и пред меѓународната јавност е многу клучна, бидејќи имаме што да покажеме пред меѓународната јавност. Сметам дека сега во 2004 година малку е анахроно да зборуваме за создавање на услови за развој на културен туризам кога овие шест години не сме мрднале со малиот прст во сферата на развојот на културен туризам. Ова сега не го ставам само во рамката на културата или во рамката на Националната програма за култура, бидејќи ова не е дејност која што треба да ја развива само Министерството за култура, туку тоа е општа придобивка, за која што треба да води сметка државата Македонија. Значи, културниот туризам не требаше да биде во фаза ние во наредните четири години да зборуваме за создавање на услови за развој на културниот туризам, туку требаше да бидеме во фаза да имаме некои резултати.

Подготовки за стратегија за развој на културниот туризам. Кога имаме вакви заложби и во Националната програма за култура и во стратегијата на работа и во Министерството за економија, тогаш е јасно зошто ни се случува ова со дочекувањето на Олимпијадата 2004 година за која што знаевме дека осум години ќе се одржи во Атина во 2004 година. Мислам дека можеби не е доцна да се кажат добронамерни критики во оваа насока за тоа во наредниот период да се направи нешто повеќе.

Бидејќи, сега ги кажав оние забелешки кои што ги имав, сакам да кажам дека особена важност за културата во Република Македонија  е донесувањето на еден ваков значаен документ токму во овој момент, бидејќи Националната програма за култура која што сега ќе ја донесеме ќе овозможи навистина да заземеме стратегија во развојот на културата во наредните четири години, што сметам дека е не само важно за културата, не само важно за нашето побрзо приближување кон Европската Унија, туку сметам дека е многу важно воопшто за нашата држава, бидејќи одредување на стратегијата на културното делување во Република Македонија

покажува дека ние сме европски ориентирана земја која што знае што сака во сите сфери на своето работење и живеење, па и во сферата на културата.

Затоа, сметам дека со оглед на фактот дека се работи за прв документ кој што е донесен би сакала да го поддржам, би сакала од името на пратеничката група на СДС да го поддржам донесувањето на Националната програма за култура од 2004 до 2008 година, затоа што сметам дека еден од стожерните документи кои што Република Македонија ги донела во оваа сфера. Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Ова беше прецизно кажано и ефективно.

Сега е 12 часот и 58 минути, 59 минути во овој момент, ја прекинувам седницата, а продолжуваме по еден час во 14 часот. Благодарам.

(По паузата)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

За збор се јави господинот Кирил Дојчиновски.

КИРИЛ ДОЈЧИНОВСКИ:

Пред да почнам јас не знам кому да му се обратам.

Почитуван претседателе, почитуван министре, кој не е присутен во моментов, почитувани пратеници.

Пред да ја почнам расправата по оваа тема, сакам да укажам на две работи. Колкав е интересот за културата покажува и нашето присуство во салата. Тоа значи дека и ние пратениците не смееме никому да забележуваме за тоа каква ни е културата кога самите се наоѓаме надвор од салата.

Второ прашање, мислам дека крајно време е, можеби јас не можам тоа правнички да го оценам, но треба да размислиме односно да размислат правниците и да ни понудат некое решение деловничко, како можеме да водиме прво расправа амандманска, а потоа да отвориме расправа по текстот. Што ќе биде сега ако во јавната расправа овде денеска на седницата одредени работи за кои што се изјаснивме амандмански поминаа, добијат некоја пресвртница. Мислам дека овој проблем не ни е баш најдобро регулиран, по моето сознание, а правниците нека понудат соодветно решение.

Што се однесува за расправата на денешната тема, јас сакам да го искажам своето мислење. Денеска е пред нас, пред Парламентот Националната програма за

култура до 2008 година. Така произлезе од Законот за култура, иако имавме јавни размислувања дека тоа може да биде и подолгорочно. Уште веднаш да кажеме дека на овој план сериозно доцниме како држава. Имавме шанса во изминатите пет години да го трасираме патот на културниот развој, па макар каков и да беше. Сигурно, ќе беше подобар, отколку што е сега. Што не направивме, а што беше значајно за културниот развој. Општата определница може да се извлече, неодговорност. Не ја донесовме Националната програма што еве сега дури е на дневен ред за култура како стратешки документ. Не ги физиономиравме националните и другите институции од културата. Не извршивме децентрализација во културата, не ги донесовме ни пропратните закони од областите на културата. И, сега, тоа сакале ние или не ги доведе институциите и субјектите во нив во една инфериорна летаргиска состојба, многу полоша од многу претходни периоди во развојот на културата. Сеуште со в.д. директори и со недефинирани развојни програми. Во ваква состојба зачудува фактот што оние кои четири години се китеа со некакви лажни културни ефекти без програмски поддршки и основи, сега преку својот портпарол, алхемичар јас би го рекол, не се определија да одржат некој пресврт, некоја културна институција и да ги покажат во каква состојба ни ги остави претходната власт овие институции. Тоа би било коректно, но и вистинито и одговорно.

Министерството за култура сега во имплемнтација на Законот за култура што го донесовме минатата година доста одговорно и благовремено излезе пред македонската јавност со Нацрт-националната програма за култура. Денеска чувме многу инртересни расправи на тој план. Сосема разбирливо е што во изјаснувањето по неа, можеа да се чујат најразлични мислења, оправдани, неоправдани, но секако корисни. Експертскиот тим кој беше ангажиран во нејзината изработка, имам впечаток, дека бил соочен со значајни сериозни проблеми. Мноштво значајни согледувања за културата соочени со реалната состојба во која се наоѓа истата, но тие направија програма, а сега ја имаме, добра или со недостатоци, ние сега знаеме кон што се движиме и кои се идните насоки на четиригодишниот нејзин развој.

Кога се прават сериозни промени, не е лесно да се прават радикални промени. Тука гио сфаќам носителите на оваа програма. Културата е жива дејност и не е можно сега наеднаш да се укинат некои установи или дејности, а тоа да не се одрази. Промените во културата не се прават турбо, туку постапно онака како што и самата таа настанала.

Од тука, за мене е сосема јасен одреден бајпас состојба, барем за овој четиригодишен период, особено во критериумите за националните институции.

Затоа, ставајќи ја Националната програма за култура на хартија, уште веднаш се добива впечаток дека е водена голема сметка за состојбите во кои таа се наоѓа и за потребите од евентуален, постапен премин кон она што на овие простори сака да се постигне во наредниот четиригодишен период. Исто така, водено е сметка таа да не биде програма на хартија или документ чија имплементација ќе биде практично и неостварлива. Од тука, заслужува вниманието тоа што таа определба е пропратена со стратегија за имплементација кој, кога, што и како ќе се занимава.

За реализација на ова проектантите на Националната програма за култура во голема мера ги почитувале и експертите на Советот на Европа. Притоа, јасно се определени темелните вредности преку познатите принципи кои што овдека денеска исто така беа дословно истакнати, достапност, разновидност, отвореност, одговорност и флексибилност. При ова, многу јасно се тргнало од главното што е тоа култура. Веднаш да кажеме од овој документ културата е една од најважните општествени прашања во Македонија и од идеолошки аспект како фактор на интеграција и ако сакате од економски, културата како силен ресур за општествениот развој или како велат експертите културата е централна лабораторија на креативната имагинација во општеството.

Во Националната прорама поставени се и целите на идниот развој. Во неа добро е и очекувано тоа што културната транзиција како процес се одвива во три рамништа. Организациско, се напуштаат старите начини на организација во корист на новото, што подразбира поголема индивидуална автономија, слободна иницијатива и чувство на пазарните законитости.

Вредноста, при што се доаѓа до противречни процеси. На една страна расте важноста на индивидуализмот, а од друга страна доаѓа до раст на новиот колективизам. Симболична, при што минатото и културното наследство служат како декорација за програмите за националниот идентитет преку запознавање со традицијата и презентација на современиот идентитет преку минатото и сегашноста.

Во вакви услови многу е битно тоа што Националната програма за култура го прецизира сериозниот одговор, што е воопшто значајно за културата. Од програмата произлегува дека културата одбива да се препушти да биде подложна она што ја понижува, што ја подмитува, што ја смета за површна, потполно и е туѓо. Таа не им припаѓа на клановите ниту на посебни етникуми и политиканства. Ниту книжевноста,

ниту уметноста, ниту науките редум не би можеле да ја задржат само за себе. Без слобода таа исчезнува. Без расположиво слободно време таа се гаси.

За жал, се уште во одредени средини културата е “префинето образование”, како некој сака да го каже, завршено усовршување, висока специјализација, снобизам на научниците или книжевно образование, луксуз на мислите, украс на општеството, бегство култ за себе, област на привилегинатите, монопол во кој државата е и судија и актер.

Тука забележливо е дека културата се уште е одраз на состојбите на етничката свест. Затоа со Програмата се настојува да се обезбеди културата да научи да се бори за сопствената независност во однос на моќта на државата и во поголема мера да се ориентира кон граѓаните и кон поширокaта заедница.

Овие работи не се лесни, не се дневни. Тие бараат трпеливост и време.

(Дофрлања од место).

Ем сме малку, ем галамџии.

Во основа Програмата нуди сериозен граѓански модел во културата, каде сите граѓани се еднакви, со еднакви права во културата, со сите можности и со сите специфики што УНЕСКО ги бара и ги поткрепува, а тоа е прашањето на разноликост, толку битно за нашата земја и за Европа.

Сферата на културата е слободна за сите. Таму не се влегува по клучеви, ниту по квоти. Тука се влегува и делува со силата на човековата креација. Според тоа, кога пак се зборува за национална самобитност во сферата на културата, мислам на сите ни е јасно дека националната самобитност, не е сама по себе вредност. Таа треба да се докажува, а просторот на културата е тој кој што на сите и на еднаков начин им ја пружа таа шанса. Оттука никој во културата не е одреден или занемарен, форсиран или стимулиран.

Националната програма се обидува да создаде минимум услови преку институциите што по пат на критериуми ги разврстува како национални и локални. Сигурно тука има и слабости, но тоа е резултат на затечена ситуација, со можност за балансирање меѓу Министерството за култура и Локалната самоуправа.

Сметам дека е потребно да се погледнат уште еднаш критериумите за утврдување на националните установи. При тоа ќе мора да се почитуваат и одредени меѓународни критериуми, сигурно водејќи сметка за нашите особености.

На пример, во Македонија не може да постојат повеќе Национални - Народни библиотеки, пред се заради меѓународните принципи за ваков вид библиотеки, неопходни покрај останатото што го поседуваат другите локални или регионални - матични библиотеки, да мора да биде националната библиотека депозитна (во неа е прибрано се што се печати во Републиката независно од јазикот и етничката припадност), од плакат до најзначајните дела и трудови меѓу кои и докторски дисертации. Мора за се најде во оваа Национална библиотека, се што е печатено, се што е издадено во вид на библиографија, значи да биде единствен библиографски центар во Републиката, да биде единствен информативен и реферален центар, да биде задолжена да врши истражувања во странство за комплетирање на фондовите од минатото, да биде средиште и носител на старо печатени и ракописни книги.

Што би било кога и многу други библиотеки во Републиката што ги нарекуваме национални би се занимавале со овие основни по номенклатура меѓународни задолжителни функции. Тогаш би настанало шаренило и некоординираност. Вака поставените обврски на националните библиотеки во Републиката веќе создаваат негативни одрази во понудените текстови на Законот за библиотеките каде што се имплементирани на овој начин како што е во Националната програма.

Националната програма за култура во својата оперативност ги одразува и приоритетите на културниот развој преку општите и одделните приоритети. Сосема сме убедени дека се она што се нуди може да биде и подобро и побрзо планирано. Но, сето она што е предложено веќе еднаш истакнав е резултат на тоа што лифтот на развој во оваа област е надолу и додека не го допре дното тешко можеше да се очекува негово активирање нагоре. Тоа сега се прави.

Постоеја значајни забелешки околу децентрализацијата во културата. Ако се има во предви дека досега скоро сите институции или дејности беа под државна капа, сега со новата децентрализација на локалната самоуправа ќе настане и нова распределба на вредностите на творештвото, со вклучување и збогатување со нови субјекти.

Локалните установи во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивното задоволување. Тука особено доаѓа до израз културните центри.

Националната програма многу полага на живата култура, јас би рекол актуелната, потребната култура. Ова пред се, од два аспекта: прво, да не бидеме генерации кои се презентираат само со постигањата на генерациите пред нас. Ние треба да градиме нови културни вредности со кои ќе се претставуваат и идентификуваат новите генерации. И второ, културата најпосле ни е потребна и за секојдневно комуницирање меѓу нас самите и со светот посебно.

Затоа Националната програма е потребно интегрално да се задржи и на други субјекти - носители на културата како дејност. Тука е неопходна координација на повеќе министерства, како што е Министерство за образование и наука, Универзитетот, одредените институти, училиштата преку секојдневното културно издигање на најмладата популација за која како да забораваме дека таа е иден носител и корисник на културните вредности.

И еве, надвор од темата: кој денес смее барајќи остварaување на своите права да ги ускратува правата на стотици илјади млади суштества да ги бркаат од нивните работни места - училишните клупи. Каква култура тука гледаме.

Националната програма ќе мора да води сметка и за тоа како одредени состојби во неа што побрзо нормативно да бидат дооформени. Тука мислам пред се на многуте законски проекти за посебните културни дејности да бидат што побрзо донесени.  За среќа тие се веќе на наредната седница. Ќе мора да се преиспитаат и одредени рокови што зе зацртани во прилогот кон Програмата.

Нам на наследниците на славните реченици за “Светот како поле на културен натпревар меѓу народите” во еден сосема поинаков геополитички и културен контекст, знаењето што го нудат културните студии и новите насоки во културната политика, можат да ни послужат за она што во поново време го нарекуваме образование за демократија и  културна политика.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Георгиевски имате збор, а нека се подготви пратеникот Јордан Михајловски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, членови на Владата.

Денеска пред на с имаме исклучително важен документ, а тоа е Предлог националната програма за културата. Ако се знае дека културата претставува многу важен сегмент во човековиот чивот човечкото живеење и дека таа претставува збир на културни вредности, со кои што човекот се разликува од животните, тогаш е сосема јасно дека на културата треба да се придаде посебно значење. Затоа и оваа Програма што денеска се нуди, претставува чекор пред кон канализирање и унапредување на културата во Република Македонија.

Националната програма за култура претставува нормативно-програмски документ со кој се утврдува културната политика во државата. Таа овозможува убедување и насочување на политичката волја за реформи во културата и создава услови за докомплетирање на законите, подзаконските акти од една страна, а од друга страна овозможува реална реорганизација на администрацијата и институционалниот систем, според флексибилен, ефикасен и одговорен систем на децентрализација и приватна иницијатива.

За таа цел, таа мора да ги донесе програмските намери и да ги определи мерките , насоките и условите за развој што ги дефинира приоритетите и ќе ги предвиди очекуваните резултати, што сето заедно ќе ја даде стратегијата на македонската културна полиитка.

Во основа , Националната програма за култура претставува стратегија за реформи во културата што ќе создаде услови за воспоставување децентрализиран систем. За таа цел неопходно е да се определат оснвоните цели и приоритети, насоките за нормативно регулирање на културата со нвоито начин на финансирање на националниот интерес во оваа сфера, да се определат насоки за стимулативна даночна и царинска политика, да се дефинираат целите, принципите и приоритетите во дејностите во културата и да ја определи исntитуционалната поставеност во новиот децентрализиран систем.

Овде треба да се потенцира дека воопштоне е посветено внимание н априоритетниот режим во културата. Како ќе продолжи преодниот режим за установите во културата, како тие ќе продолжат да се финансираат се додека не преминат во Локаланта самоуправа.

Националната програма за култура во изминатите неколку месеци беше транспарентно разгледувана од разни структури, форуми, асоцијации, личности и сл. Така што можевме да ги согледаме и добрите и лошите страни. Добрите страни се што во овие тешки, за државата економски состојби, во време кога стопанството стагнира, сепак се прават некакви напори за преживување и развивање на културата. Се прават напори да се стави некаков ред во културата и сето тоа го ценам како позитивно. Но, секако дека има и многу негативности. Така на пример Националната програма за култура, таква каква што е не е добро прифатена од многу носители и генератори на културата во РМ. Еве, како што е Друштвото на писатели на Макеоднија, во чие соопштение се вели:

“Предлог- националната програма за култура е општа, конфузна, оптоварена со непотребни вербални изрази, терминолошки непрецизна со недоследни и без јасно дефинирани стратегиски национални позиции за обезбедување на развојот на културата. Новата мрежа на институции ќе овозможи поделба по етничка основа, а тоа може да биде катастрофално за деловите од земјата каде не е воспоставен реалниот суверенитет на државата. “

Според Друштвото на писателит ена Макеоднија, “Со сегашниот предлог, состојбите во културата ќе ги диктира Локалната самоуправа преку некомпетентни луѓе кои ќе работат во полза на дневно-политичките тенденции”.

Или пак, еве како ја окарактеризираа Националната програма за култура претставниците на културните институции на Јавната дебата одржана на 4.12.2003 година во Скопје:

“Предлогот на националната програма за култура е само обемна листа на желби без селекција на приоритетите, а текстот е сведен на админситративен документ”

Сериозни забелешки за Националната програма за култура има и од највисоката научна установа во државата МАНУ, првиот нејзин човек , угледниот професор, културолог академик Цветан Грозданов во своето интервју објавено на 13.12.2003 година во “Дневник” изјавува:

“Никој не ја прашал Академијата за културата”.

Истакнатиот макеоднски научник, академикот Гане Тодоровски, вов рска со Националната програма за култура, во своето интервју објавено во “Нова Макеоднија” на 4.02.2004 година вели:

“Не сум сигурен дека на креаторите на тој спомант, дефиниран со Анекс концепт на културата (се мисли на Националната програма за култура) им беШе потребна соодветна помош од МАНУ. Верувајте, доколку се расположени за тоа на креаторите на Националната програма за култура, што е сеуште во процес на јавна анализа, ги заобиколуваат корисните консултации со МАНУ. Авторите на таа нивна анонимна програма се клекнати зад параваните на анонимноста и чекаат нетрпеливо јавни аплаузи”.

Од изјавите на овие великани во македонската култура се гледа дека предлагачите на оваа програма не ги консултирале и не го искористиле нивното знаење и искуство за подобрување на Националната програма за култура, што јас би ја нарекол програма за работа на Министерството за култура за периодот од 2004 до 2008 година.

Но, сепак, со цел да се утврди политиката за остварување на националниот интерес во културата во законто за култура е утврдена обврска - Собранието на РМ да донесе национална програма во која ќе се определи стратегијата на националниот развој и унапредување на културата за наредниот петогодишен период.

Целта на донесувањето на Националната програма за култура е да се утврди културната политика на РМ. Универзален модел за културна политика нема, бидјеки секоја земја имасопствена историјаи традиција, сопствени потреби ибарања што треба да ги исполни админситрацијата и задоволувањето на потребит еод културата за населението и конечно секоја држава има различни односи и рамнотежа меѓу централната и локалната власт што,преку низа документни закони, договори, спогодби и слично ги определуваат ингеренциите на секого поодделно.

Ниту еден од постојните модели не може да се оквалификува како идеален. Меѓутоа, за квалитетно функционирање на културата во една земја неопходно е да бидат исполнети неколкууслови:

1.На културата ќе и биде посветено нужно внимание од страна на администрацијата, централна или локална, вклучувајки и соодветен буџетски третман.

2.Создавачите на културата и културните институции да ги уживаат сите потребни слободи за дејствување.

3.Споредување на политика на развој на културната демократија и разновидност со подржка од релевантни, прецизни критериуми .

4.Одредбите што ги регулира функционирањето на културата ефикасно да се имплементираат во таа смисла продуктите да бидат подложни на оценување , а нивните квалитети и ефекти да бидат мерливи со профитни или со чисто естетски критериуми, прифатено од потрошувачите, консументите или вреднвуање и цитирање.

5. Националната програма за култура треба да претставува документ што ќе овозможи обединвување и насочување на политичката волја за реформи во културата и ќе создаде условиза докомплитирање на законските и подзаконските акти од една страна и институционалниот систем според флексибилно ефикасен и одговорен систем за децентрализација и приватна иницијатива.

И на крајот, почитувани дами и господа пратеници потребно е да се спомене дека во Националната програма за култура посебно треба да се објаснат програмските намери да се определат мерките, насоките и условите за развој што ше ги дефинираат приоритетите и ќе ги предвидат очеквуаните резултати, што сето тоа заедно ше ги претставува стратегијата на македонската културна политика.

Во Националната програма за култура има одредени недоследности што треба да се исправат, како во делот на приоритети на оделни дејнсоти и области во културата. Кај повеќето области се набележани само општоформулирани приоритети и заложби, додека кај другите конкретни зафати кој треба да се реализираат во одреден период од 2004 до 2008 година. Така на пример, во областа заштита на културното наследство не се ставаат капитални зафати што сеуште континуирано траат, како што се Самоиловата тврдина, Плаушник, што имаат општо-културни и врвни цивилизациски вредности од национален и светски карактер.

Овде би кажал Националната програма за култура не смее да биде конзервиран документ од кој не смее по ниедна цена да се отстапува. Во одредени случаи, ако се увиди дека одредени културни дејности или објект драстично назадува или пропаѓа,треба благовремено да се интервенира. Особено поеластично и поконкретно треба да се дејствува во делот на инвестиционите вложувања во културата, каде може да дојде и до вонредни потреби.

Сосема на крајот сакам да укажам на една многу важна сугестија, ако тоа е во програмата да се даде понагласена активност за пласирање на македонската

култура во земјите на Европската Унија, со што ќе се легитимираме во земја која заслужува да биде членка на Европската Унија.

Со забелешките и сугестиите, што не се во голема мера, мислам дека Националната програма како почетен документ треба да се дорадува и во таа насока мислам дека треба да се прифати и да се работи по неа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Георгиевски.

Сега има збор господинот Јордан Михајловски, а нека се подготви господинот Ружди Матоши.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министер, претставници на Владата, колеги пратеници,

За прв пат во модерната историја на нашата земја, врз основа на искуството од културното живеење, облиците и начинот на функционирање на културните институции и манифестации како сублимат на досегашните културни процеси, се предлага национална стратешка рамка, со која се дефинираат среднорочните развојни насоки, приоритети и мерки кои треба да обезбедат одржлив културен развој со потврда на културата како темелна вредност, насловена како Националната програма за култура.

Европската практика на функционирање на институциите на културата досега не понуди универзален модел како форма за решавање на проблемите и прашањата во културата. Секоја земја според својата традиција и историја ја уредува националната културна политика. Европските земји, централизираниот француски и децентрализираниот германски, и оние комбинираните модели не можат да се прогласат за идеални. Без разлика на прифатениот модел за да функционира културата, битно е и е европска определба да се исполнат некои основни критериуми и услови, творците и институциите да ја имаат слободата на творештвото, да има културна демократија, еднакви можности на културен план за сите граѓани, а кај нас и за сите етникуми, согласно законска регулатива која ќе го стимулира културниот развој и она што е многу значајно, буџетска поддршка.

Што се однесува до нашиот модел на децентрализација, државната културна политика и актуелнот културен развој треба да бидат во што поголема хармонија. Еден ваков обид за донесување Национална програма за култура 2000-2005 година не успеал од познатите причини. И за сегашниот предлог имаше почетни дилеми,

зашто некои земји, како на пример Словенија се откажаа од ваква програма. Спецификите на нашиот општествен и културен развој беа во прилог на определбата да се донесе документ со кој меѓу другото се изразува политичката волја на сите релевантни субјекти за реформи во културата, кои ги започнавме со донесувањето на Законот за култура.

Овој документ за кој водиме дебата претрпе промени иницирани во јавната расправа, со тоа што денес се нуди рационализиран текст во однос на првичниот. Расправата во која и јас учествував на повеќе нивоа, донесе различни предлози, но и квалификации од типот зошто документот се однесувал до 2008 година, со што го надминува мандатот на оваа влада. Ако се има предвид дека се работи за културна стратегија, забелешката е апсурдна. Беше побарана апслвирана хиерархија на приоритети во културата, што исто така е неприфатливо затоа што приоритетите во форма како што се дефинирани во програмата на повеќе дејности им дава еднакви можности. Се слушнаа и вакви тонови, како Националната програма за култура да е заплеткана во мрежата на лажна децентрализација, потоа сомнителна концепција во името на Рамковниот договор и слично. Коментар за ова не е потребен. Најважно од се е дека програмата предизвика значаен интерес со повеќе изразена свест дека ништо не е еднаш засекогаш дадено и дека програмата е подложна на промени според утврдените критериуми и приоритети и се разбира според потребите и искажаните резултати.

Оттука Националната програма за култура треба да се чита не како канон, туку како флексибилна рамка која ја утврдува стратегијата и приоритетите на културниот развој, почитувајќи ја традицијата и современиот тренд на развојот на културата. Она што е значајно за овој документ е тоа што е заштитен од идеолошки и партиски дефиниции на националноит интерес, кој за жал некогаш се чита како еднонационален, а мислам дека во контекс на програмата треба да се подразбира дека се работи за државен интерес.

Мрежата на културни установи се згуснува. Културните установи стануваат подвижни, а културата достапна за сите. Значајна е соработката и со невладиниот сектор. Еден од најексплоатираните поими во културата во последните години е културниот туризам. За ова зборуваше и претседателката на Комисијата. Нема развојна програма во која не е присутен, а практиката покажува дека ништо конкретно не е неправено освен неколку пилот проекти, од кои еден позначаен е на територијата на Источна Македонија. Потребен е и поконкретен однос на Министерството за културааа, но и на другите министерства како на Министерството

за економија, за да биде културниот туризам значаен фактор за социјалниот и економскиот развој.

Значи, стратегијата за развојот на културниот туризам во моменто сеуште е отворено прашање. Истото го мислам и за поддршката на културните индустрии, кои треба да ги обноват старите занаети и традиционалните вештини значајни за локалниот економски развој.

Посебно сакам да акцентирам и да го скратам излагањето, со оглед дека се повторуваме, дека во приоритетот “културни манифестации” се воведува нов стимул, нова форма по европски терк со проектот “град на културата”, кој ќе стартува или веќе стартува од градот Штип. Вака културата има шанса да биде дисперзирана, но и креативно да поттикне цел регион.

Како што почнав, така и ќе завршам. Пред нас е значаен стратешки документ. Никако не мислам дека е канон или дека е толку совршен што нема да претрпи измени. Ќе се погреши во очекувањата ако се мисли само на децентрализацијата и на мрежата на на установите кои исто така не се еднаш засекогаш одредени како локални, затоа што така програмата би била само оперативна и дневна. Стратегијата во суштина е концепт, филозофија, естетика и визија. Овој документ ги има сите тие атрибути.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Михајловски.

Повелете господине Матоши, а нека се подготви пратеникот Роза Топузова-Каровска.

РУЖДИ МАТОШИ:

Основањето и развојот на културните институции во Република Македонија треба да се претстави на вистински начин и треба да претствува еден мозаик на културна рамноправност. Затоа, во оваа смисла предлагаме културни институции кои треба да ги вклучи Националната програма за култура како на национално институционално ниво, така и на локално ниво.

Од големо значење за развојот и унапредувањето на албанската култура е основањето албански институт како културна национална институција која ќе се занимава со разни трудови од разни области на културата. Во рамките на албанолошкиот институт ќе работат и дејствуваат разни сектори, кои ќе употребуваат средства и соодветни методи за извршувањето на должностите и обврските. Во раководењето со овие сектори ќе се ангажираат соодветни профили, професионално подготвени и едуцирани, нешто што важи и за другиот кадар кој ја

сочинува работната екипа на оваа институција. Албанолошкиот институт ќе се грижи за систематските археолошки трудови, за зачувувањето на историските откритија и културните откритија, за зачувувањето на јазикот и книжевноста, за албанската издавачка дејност, што подразбира уметнички, научни и едукативни публикации. Книжевните манифестации, Деновите на НАИМ да бидат национална институција, исто така и традиционална од областа на презентирањето на националните и културните вредности.

Во областа на драмата, од примарно значење е поделбата на Театарот на албанците и турците, така што албанскиот театар ќе ја остварува својата активност во постојниот објект, додека за турскиот театар да се утврди некој друг простор за работа. Основањето и формирањето на албанскиот театар во Тетово како уметнички ансамбл кој ќе дејствува во рамките на културниот центар во Тетово и кој ќе има статус на национална институција, основање и формирање на театар за деца кој ќе дејствува за остварувњето на дрмските проекти наменети за деца. Анасамблог “Емин Дураку” во Скопје да пробие во нациналните мрежи на националната програма за култура во Република Македонија, обезбедувајќи простор за дејствување како и соодветни средства за работа. Основање на национален центар за културното наследство, џамии, споменици и историски монументи со седиште во Тетово. Потоа, основање и формирање национална институција галерија за јавно излагање на оригинални дела или примероци од албанската уметничка дејност, како и оригинали од книжевните дела, потоа музички фотографии и друго.

За издавачката дејност треба да се направат залагања за основање на издавачка албанска куќа на ниво на национална институција со сета соодветна опрема. Исто така, библиотеката во Тетово да се изгради како национална институција и да се обезбедат финансиски средства за нејзино збогатување со разни книги кои ќе придонесат и за универзитетите во Тетово, односно и за самите студенти.

Да се преземе иницијатива за основање и формирање на културната манифестација Струшко лето во Струга, каде ќе се вклучат уметнички вредности од сите културни дејности со сенародни димензии. Фестивалот на албанскиот театар во Македонија со седиште во Дебар да биде на институционално, национално ниво, бидејќи има потреба од презентирање и културна комуникација на драмските дела. Фестивалот за деца “Виножито” да се издигне на ниво на национална програма, каде ќе се откриваат нови таленти. Кај филмската дејност, да се инсистира на формирање на нациналната филмска институција за продукацијата на

аудиовизуелни дела како уметнички дела, претставени во вид на слики во движење, како и обезбедување на просторот и техничко-технолошка опрема. Од областа на филмот, градските кина да се издигнат на ниво на национални институции, да се направи ревитализација и нивна обнова и да се опремат со техника според современите стандарди.

Сите овие културни албански институции треба да се вклучат во Националната програма за култура на Република Македонија како право на албанците за нивно вклучување во сите области од животот. Се подразбира дека финансиските средства, санацијата, ревитализацијата на објектите , како и опремата со техничко технолошки средства, нациналните институции ќе ги обезбедат од Буџетот на Република Македонија.

Културните институции на локално ниво кои треба да се вклучат во Националната програма за култура се: основање и формирање на културни институции на локално ниво од областа на драмата во градовите Кичево, Тетово, Гостивар и Струга. Од музичката област и од уметничко сценската сфера, разни ансамбли да се издигнат на .професионално ниво и како уметнички институции. Кај издавачката област да се инсистира на формирање на албански издавачки куќи на локално ниво во западните градови на Македонија каде бројот на албанците го исполнува условот за реализација на оваа намера. Да се основа фестивал на комедија во Куманово во национални рамки каде ќе се претставуваат уметнички проекти од жанрот на комедијата. Да се основаат разни други фестивали од други области, културолошки области.

Од областа на конематографијата кината на некои градови да се издигнат како локални институции на локално ниво. Оваа мрежа на културолошки институции од национално ниво, со реализирање на законот, сето тоа може да се исправи,да се збогати и да се доработи.

Почитувани присутни, Владата на Република Македонија постојано донесува закони и национални програми со кои не само што не ја почитува реалноста на времето, туку претставува една претерана носталгија за минатото социјалистичко време. Законот за култура, кој се прокламира како закон со европски стандарди и посебно сега националната програма за култура, која ќе биде средство за конкретно дејствување во наредните 4 години, на некој арогантен начин ја исклучува албанската култура. Филозофијата на демократскиот развој и мултиетничката реалност не може да кореспондира со тенденциите на законите и програмите кои се

еднонационални, туку составувачите на националните програми за култура треба да внимаваат да состават една програма заснована на вредности.

Целите и критериумите на оптимизмот и ограничувањата кои ќе бидат поадекватни за овој предлог, да именуваат програма за култура во Република Македонија.

ДПА цени дека Законот за култура на Република Македонија единствената позитивна измена што ја има е лексичката каде што стоело малцинство, изменето е со “етнички заедници”. Меѓутоа, истиот не исполнува и не обезбедува поддршка за зачувување и развој на културните вредности кои живеат во Македонија. Во Анексот 4 се вели: “За реализација на измените и дополнувањата кои се предложени во Законот за култура нема потреба од финансиски средства кои ќе бидат дополнети од Буџетот на Република Македонија”.Со ова фактички Владата ги прифаќа во наследство само досегашните институции кои ни од блиску не ги исполнуваат реалните потреби на албанците, имајќи предвид дека албанците имаат само половина театар во Република Македонија.

Нациналната програма за култура е конфузна и не определува основање на културна институција која ќе ги заштитува и развива културните вредности на албанците. Со ова стана јасно дека Владата не покажува подготвеност и политичка волја за создавање на мултиетничка и мултикултурна држава.

ДПА цени дека Законот за култура и Предлог националната програма за култура на Владата се заснова на парадоксална филозофија, која подразбира остварување на реалноста со цел да се отвори вистината која е позната. ДПА цени дека Законот за култура и Национаната програма се тенденциозни проекти, еднонационални проекти и како такви се наменети за пораз. Истовремено, ние апелираме до албанската партија што е на власт да не го прифати усвојувањето на оваа програма во процедурата на гласање во Собранието на Република Македонија. Значи да стави вето, да не помине оваа програма која е штетна и не претставува културен мозаик на Македонија. Ние апелираме на измена на ова што покажува асимилирање на културата и тоа да биде идила на соживот според демократски норми и стандарди, што со право бара основање на културни институции на државно ниво и почитување на правичното застапување и во областа на културата. Истовремено, сакаме да ја спречиме опасноста да се појави приватизација на објектите на културата и Законот за финансирање на локалната самоуправа, со што ќе се оневозможи можната иницијатива за културана дејност на локално ниво.

Бараме да се направи транспарентност што е децентрализирано во културата и како тоа ќе се финансира на локално ниво.

За министерот за култура - Во Буџетот на Република Македонија за 2003 година се предвидени 118 милиони денари за расходи во администрацијата. Во министерството од 2200 само 66 се албанци или 2,8% се албанци, додека за финансирање на дејности од културата има поделено една милијарда и петсто шеесет илјади денари или 25 милиони евра.

Ова Министерство во текот на 2003 година определи само 2%. Значи, Националната програма се забележува дека ќе се работи повторно со истиот процент и по 2003 година. Финансиските средства од целиот Буџет, македонската култура има жиро сметка која што е нивна сопствена, додека албанската култура се заснова врз арачот врз народот. Фактот кој што ги боде очите се 10 македонски театри и еден полу театар кој што е албански и еден полу турски театар. Македонската опера, Македонскиот балет, Ансамблот “Танец”, галериите, музеите, македонските филмови од кои еден е албански или во албански места. Самите манифестации како “Деновите на Кирил и Методиј”, Струшките вечери на поезијата, Охридско лето, Скопско лето, Новиот театар, Фестивалот на македонскиот театар од Прилеп, Уметничките колонии и многу други инвестиции што не оставаат на албанските манифестации и тоа продолжува со декади.

Ние како политичка партија сме загрижени од овој циничен став што го има за цел акултуризација на албанците. Ние со ова соопштуваме и кажуваме се повеќе за да биде ова транспарентно. Господине министре, вие сте имале аналитички допис и од албанските куртолошки друштва од одговорниот на културно уметничките друштва на албанците, од одговорниот на Друштвото на уметниците, односно ликовните уметници, од одговорниот на Друштвото на музиката и балетот, од одговорниот на Друштвото на писателите на албанците, од одговорниот на Друштвото на издавачите и воопшто не сте ги почитувале нивните забелешки, затоа јас овие друштва ќе ги поканам за соработка, да соработуваме заедно и да ја направиме транспарентна дејноста на Министерството за култура која и понатаму продолжува да ги троши средствата за македонската култура. Не сме имале остри полемики и на Комисијата, господине министре сум побарал нешто што е вистинско со кого соработува Министерството за култура. Кој е тој албанец од кого сте добивале информации да ја артикулирате албанската култура во рамките на Министерството за култура. Дури и твојот заменик ми кажал дека ДУИ не му припаѓа на ниедно место во функција на Министерството за култура, затоа што ние сме

одлучиле за функционирањето и природата на нештата во Министерството за култура да тие немаат ниедно место. Меѓутоа, културата е култура и јас знам дека тој не разбира за албанската култура ништо и едно да имаш еден експерт, одговорно лице кое со име и презиме треба да го кажеш.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, кој планира да се пријави за реплика, нека се пријави.

За реплика се пријави господинот Ејуп Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Ви благодарам господине претседател,

Сакав да му реплицирам на говорот на господинот Ружди Матоши, во однос на тоа дека многу е контрадикторен во своите одлуки. Во Комитетот за меѓуетнички односи каде се разгледува националната програма за културам самиот пратеник Ружди Матоши не беше против, туку беше воздржан.

Исто така, изгледа дека господинот Матоши зборува за националната програма, но ја нема прочитано и не знае што содржи истата програма. Бара да се оддели Албанскиот театар од Турскиот, што во Националната програма за култура постои. Ова нека го види на страница 27. Бара да се направи преобразбата на некое уметничко друштво албанско во ансамбл со амандманите што се донесени од Владата, едно такво нешто постои. И тоа можам да кажам дека можеш да го прочиташ амандманот број три, во кој ќе имаме преобразба на уметничкото општество во ансамбли Џеладин Зекири. Исто така, Ружди Матоши вели дека треба да имаме еден конзерваторен центар во Тетово, што го имаме направено, но тој изгледа го нема видено и Законот за културно наследство, што сме го донеле пред извесно време, каде во тој закон е предвидено и основање на конзерваторен центар. Исто така, зборува дека библиотеката во Тетово треба да биде национална, што е многу контрадикторно и со самата негова партија. Библиотеката во Тетово е национална, но општинскиот совет на Тетово бара оваа библиотека да помине во локална библиотека. И советниците се од ДУИ. Јас незнам кому да веруваме.

Исто така, бара да имаме уметничка галерија, што во суштина, исто така, во владините амандмани во националната програма за култура ова го има и се предлага во амандманот шест, каде што вели многу јасно дека ќе се создадат услови уметничката галерија во амамот во Тетово, да се адаптира во уметничка галерија.

Не знам господине Матоши дали ги читате овие работи, или зборувате површно.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ние ги следиме со прецизност сите активности што се донесуваат од оваа Влада и се гледа дека имаме регрес како што имаме регрес и во доменот на културата. Навистина, јас сум гласал воздржан, поради тоа што вие предложивте измени кои култивираат рамноправност на албанците на национално ниво. Точно, јас гласав воздржан, поради тоа што јас бев најгласен од сите пратеници да следат измен[illegible]о националната програма, која што беше претходно на дискусија. И така ДПА што вие ги затворивте ушите и очите, сакавте да го поминете на тоа ниво на кое беше меѓутоа аргументите беа присилни нашите и следеше една минимална измена, што значи дека е чудо и тоа не покажува дека ќе има некој голем прогрес. Тоа ќе го покаже практиката.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има господинот Никола Апостоловски. Нека се подготви пратеникот Невзат Бејта.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, господине министре, драги пратеници,

Потребата конечно да се донесе националната програма за култура е несокмнен императивен, не само поради обврската за нејзино донесување, согласно членот 9 од Законот за култура, туку и поради фактот кој што со осамостојувњето на Република Македонија, таков документ до сега не беше донесен и постои неговата неопходност.

Донесувањето и усвојувањето на националната програма за култура, детерминиран е фактот што по донесувањето на Законот за култура во 1998 година и измените во 2003 година, конечно се заокружува националниот интерес во културата и се утврдуваат среднорочните развојни насоки за остварување на националниот интерес на културата во Република Македонија за периодот 2004 - 2008 година, а со цел подигање и одржливост на квалитетот на културното живеење како темелна вредност на секојдневното живеење на граѓаните на Република Македонија, како и афирмација на автентичноста на македонската култура и автономноста на културните процеси. Со проекциите и промените кои ги иницира

овој долгорочен и комплексен документ се утврдуваат и детерминираат целите и приоритеите на културната политика, насоките за развој на националните установи правните и финансиските мерки за развој на културата, принципите и целите на меѓународната култура соработка, проекциите за потреба од кадри за културата, почитувајќи го принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Исто така, насоките на културолошките истражувања, како и позначајните инвестициони вложувања во културата и другите аспекти што го тангираат културното живеење на граѓаните и како културни творци и како консументи. На тој начин со реализирање програмските цели ќе се овозможи демомкратска дистрибуција и национална и масовна рецепција не само на националните култури, туку и афутурација и универзално креативните остварувања, се со цел да станат достапни до граѓаните со цел за унапредување на нивниот живот.

Пред нас е предизвикот и одговорноста за оценување на националната програма за култура за периодот 2004 - 2008 година како стратешки документ, со кој ќе се репрезентира националниот интерес на културата аспектиран врз основа на националностите и културните процеси со најновите културни вредности и особености, како и огромното и значајно искуство на голем број културни творци и културни институции.

Дозволете ми во текстот во контекст на имплементацијата на националната програма за култура во периодот 2004 - 2008 година да укажам на неконзистентната политика и тоа не само во Делчево, туку и во цела Источна Македонија, која во минатото беше запоставена и заборавена.

Имено, ќе потсетам само во селото Разловци 1870 година е кренато Разловечкото востание, односно првото македонско востание за национално ослободување, но спомен домот на востанието е руиниран.

Спомен домот на АСНОМ во Делчево и после 34 години сеуште не е завршен, поради што не постои можност за реализација на разни културни програми.

Затоа, апелирам до министерот за култура во националната програма да влезат како приоритети реконструкција и адаптација на овие културни објекти, кои се неопходно потребни за севкупното културно живеење на граѓаните на општината Делчево.

Ако се има предвид дека во Делчево се одржува манифестацијата Гоцеви денови, дека Делчево е погранична општина на само 40 километри од Благоевград,

град што е културен центар за Пиринска Македонија, како и фактот дека Домот на културата е прогласен за национална институција, мојот апел е повеќе од оправдан.

Исто така, треба наредниот период да се посвети поголемо внимание за утврдувањето и заштитата на културното богатство, како и начинот на одобрување и трошење на огромните средства, добиени од Светската банка, преку проектот за развој на нормативите на културата, каде имаше големи злоупотреби во минатото. што се однесува за прашањето за истражување на културните богатства, Источна Македонија е неоправдано запоставена на овој план. Бидејќи секој крај од библиска Македонија е историја и во Делчево е истражувано многу малку, иако историските факти како и најновите истражувања кажуваат дека покрај најдените археолошки локалитети во близината на селото Разловци се наоѓа градо Равен, каде како кнез од 845-та до 855-та година престојувал Методиј каде заедно со неговиот брат Кирил ја создале првата старословенска азбука и го извршил првото христијанизирање во Македонија. Но почитувани колеги, да не должам апелирам до сите колеги, без разлика на партиската припадност да гласаат за усвојување на националната програма за култура за периодот 2004 - 2008 година, бидејќи нејзиното донесување е од витално национално значење за севкупниот културен живот и развој на културата во наредниот четиригодишен период со што не само што ќе се утврдат правците за развој на културата во Република Македонија, туку со нејзиното донесување ќе се оневозможи и спречи незаконскиот однос на некои соседни држави, чија свес сеуште се наоѓа заробена во времето на 19-от и почетокот на 20-от век.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници,

Денес пред нас имаме еден предлог на национална програма за култура за период 2004 - 2008 година. Од сите области што сте ги спомнале овде било од економијата, општествени, и таа што најмногу ја сакаме политичката област најзначајна е културната област. Некои колеги ова го расчленија добро, а некои не. За чес на јавноста треба да ги кристализираме работите и да ги објасниме. Што вклучува националната програма за културата. Јас жалам, бидејќи има пратеници кои незнаат што е култура, додека културата има едно значајно место во историјата на човештвото и секој народ има посветено посебно значење на културата, бидејќи

културата е главен фактор која во едно општество го воведува во концивилизацијата и носи среќа. Ние имаме одговорност како пратеници во составот на овој парламент и Владата има одговорност што излезе од овој парламент во однос на развој на културата.

Минатите влади не направија ништо во тој поглед, значи што се однесува до културата. Нашава земја е извонредна земја, бидејќи е една хетерогена земја. Кога велам хетерогена овде живеат разни заедници, без оглед на бројот на жителите, дали се многу или малку, но секоја националност има своја култура и секоја националност се ангажира на разен начин преку своите институции да ги унапреди културните постигнувања, што повеќе да им посветиле значење на културните постигнувања што ги достигнале предците на разните заедници, тука ние гледаме дека не чека една подобра иднина.

Во националната програма за култура се расчленети работите и ова е четиригодишна програма што ние треба да работиме во практиката, во секојдневниот живот, таму каде е развиена културата на една заедница да не ја запираме, туку да и помогнеме на истата и на заедницата која немала можност до сега да се развива.

Јас ќе земам неколку примери во минатите влади. Ние добро знаеме дека и не забораваме дека граѓаните ги знаат овие работи дека минатите влади не работеле во оваа насока за да ја развиваат културата. Кога зборувам за албанската култура, тие се занимавале со други работи. Работела за мали индивидуални интереси и се збогатиле самите личности и воопшто не инвестирале во развојот на културните постигнувања на заедницата на која и припаѓаат, а станува збор за културните достигнувања на албанскиот народ. Ќе земам пример дека културата не е од денес, значи од 2004 година. Културата постоела уште од примитивното општество, но овде сакам да ме слушате со внимание, културата го постигна највисокото ниво во античко време. И државите кои посветија едно посебно значење на културата, тие држави се движеа напред во сите области од животот, посебно во економската и општествената област. Тие држави беа моќни и силни држави и станаа империи. Но културата не е статична. Ова треба да го знаеме. Ние сега почнуваме со оваа Влада еден нов период кога именуваме ренесанса и преродба. Оваа нова влада и овој нов состав на Парламентот на нашата држава и на нашите граѓани ќе им донесе една подобра иднина.

Не негирајќи ја културата едни на други. Ако ти ги негираш твоите културни постигнувања, значи ја негираш албанската култура, тогаш ја негираш својата

култура. Кога ти ја поддржуваш таа култура, со таа поддршка ја поддржуваш и својата култура. И затоа културите не се статички. Нивната колевка е изменета. Некогаш бил Египет, Рим, Истанбул, а Италија беше колевка на културата. Значи ова не е нешто статички. И ние работиме во оваа насока. Значи културата да се развива во интерес на сите граѓани кои живеат во нашава земја. Ако дејствуваме поинаку тогаш наводно ќе работиме за да ја исчезне културата на една друга заедница. Посвестум работиме за да ја исчезнеме, за да ја отстраниме културата на заедницата на која што и припаѓаме. Затоа велам културата има свои фази на развој. Има фаза на никнување, фаза на развој, фаза на кулминација. И потоа има некои несовесни луѓе и што прават овие луѓе, не и посветуваат значење на културата и културата почнува да паѓа и полека почнува да исчезнува. Оваа Влада и овој Парламент немаат намера културата да оди да паѓа во уништување и култирите на сите граѓани да исчезнат. Оваа Влада и овој Парламент имаат обврска и должност да ја развие културата и да ја постигне кулминацијата на сите култури на сите заедници кои живеат во нашава земја. Јас како член на Комисијата во соработка со другите членови и во соработка со ДУИ, ние добро сме ја разгледале Националната програма за култура и имавме некои забелешки во оваа насока. Но забелешките не ги направивме за да се разрушат културните постигнувања, туку овие забелешки да ги направиме на природен начин. Значи тука каде што има пропусти да се направат подобрувања. Овие подобрувања ги направи Владата и има донесено неколку амандмани и со овие амандмани кои се донесени од страна на Владата тука е искажана рамноправноста на развојот на културата на рамноправен начин на албанската националност, македонската националност и на другите националности кои живеат во Република Македонија. Затоа треба да работиме со една чесност и голема искреност и финансирањето од државниот буџет нека биде колку и да е, да се инвестира во воздигнувањето и развојот на културните постигнувања на сите народи. Можеме да правиме манифестации со малку или со многу пари. Но, главно е да не ги негираме културните достигнувања на разните националности, а во однос на организирањето на театарот, на операта и другите пропратни работи, тоа ќе зависи колку ние ќе работиме заеднички за да ги достигнеме културните достигнувања на сите заедници кои живеат во нашата земја, на рамноправен начин.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Бејта.

Има збор господинот Слободан Чашуле.

(Господинот Матоши бара реплика)

Господине Матоши вие не се пријавивте за реплика, пред да му дадам збор на господинот Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Почитувани пријатели,

Не можам да побегнам од сликата на документарниот филм што во овој Парламент, пред едно свикување, или ако го сметаме и ова, две, го прикажа тогашниот министер за култура, за врвниот македонски режисер господинот Унковски. Тој прикажа една целосна девастација на институции кои, некако во својата димензија му припаѓаат и на едно време кое исто така беше девастирано.

Ако не се лажам, поминаа, ако ништо друго, половина од тој, еден цел и пола од овој мандат, значи без малку 8 години и ние сега излегуваме со еден документ кој со право го нарекуваме национална програма и во него на крајот има нешто што има претензии да има стратегија, или целото тоа треба да биде стратегија, како да ја постигнеме целта, а тоа е културата повторно да биде една од столбовите за еманципација на нашата држава, на македонскиот народ и на сите заедници што рамноправно со него живеат во Република Македонија. Меѓутоа сеќавајќи се на филмот и читајќи ја програмата, како да не е тоа ни толку лошо да гледам две различни стварности. Едната поминала и сега се обидуваме да создадеме друга. Меѓутоа, изгледа дека досега сите проблеми произлегуваа од тоа што во меѓупросторот ние не се снаоѓавме како што треба. Мислам дека, а тоа денес и од дискусијата го видовме, се прави еден обид, она малку од она што граѓаните како данок во Буџетот го издвојуваа за културата, повторно да се користи со, ако не погрешен концепт, свесно, тогаш со една, за мене непродуктивна намера, во рамките на државата со искористувањето на нејзините скудни ресурси повторно да направиме натпревар на две антагонизирани култури. И тука го поздравувам г. Бејта, во делот од неговата дискусија во која искажа мислење за кое и јас мислев да се осврнам денеска, а тоа е дека културата не се штити, не се унапредува и таа не може да биде орудие за еманципација  ако се темели врз ништењето на туѓата и тука господине Бејта го делиме истото мислење и се надевам истите заложби. Според тоа, не можам да прифатам дека во Македонија иднината на нејзината култура треба да биде етнички натпревар, кој ќе биде подобар од другиот и кој ќе го совлада другиот. Напротив, ние треба да создаваме држава која сакаме да биде мултикултурно општество и во неа културата која ја одржала албанската нација и

македонската нација низ нејзината историја, да бидат првиот елемент на интеграција. Сликата е уметничко дело, да направите мозаик, да срочите ноти, намерно зборувам за творештвото во кое не доаѓа до јазичката идентификација. Не е важно на која етност му припаѓате. Важно е да имате општество и во него држава која ќе ви ја даде можноста да дојдете до тој израз. Сега ние не можеме да пледираме на некои командитни институции и инстанци од минатото, и нив да ги употребуваме за да правиме еден натпревар кој води во културен конфликт, а тоа е најстрашниот и истовремено да градиме современа европска држава во која културите се привот степен на интеграција. Затоа во програмата во која има изобилство на речити зборови, умни мисли и недостасува најмногу едно како, иако на многу места се прави тој обид. Меѓутоа, истовремено треба да се даде отчет дека ние и во државата немаме создадено сосема прецизно, милје во кое некои од тие работи би можеле да се остварат. Како на пример да го разликуваме приватното предприемништво во областа на културата. Тоа не се сведува само на спонзорство. Постои меценство, но не се сведува само и на тоа, туку се сведува и на земање концесија за да се работи одредена културна дејност, како што впрочем тоа го дозволуваме, го прифаќаме и го дозволуваме и сме го озакониле во сите други сегменти на нашиот општествен живот. Понатаму јас не сум поборник на тоа дека ако имате институција сте го решиле прашањето на културата. Со други зборови ако имате театар со управник, со директор на драма, со цела една хиерархија бирократска, во него, без разлика на која култура и на кој јазик, вие не сте го решиле проблемот на драмата, не сте го решиле проблемот на театарот и не сте го решиле проблемот на театарското творештво. Истото се однесува на издавачката куќа, се однесува на галеријата, на музејот, се однесува на ликовното творештво на здруженијата, друштвата, фестивалите и се она што се спомна тука. Институциите кои ги имавме во еден претходен период во изобилство, ги видовме во филмот на г. Унковски, до кое дереџе се дојдени заради тоа што амбициите беа преголеми за вистинските можности на државата, а нејзи пак и беше дадена единствената одговорност да се грижи за тоа. Културата им припаѓа на сите граѓани, грижата за културата им припаѓа на сите граѓани и државата на сите граѓани треба да им се овозможи, ако во нив има дарба, ако Господ им ја дал, или ако ја создале самите да можат слободно да творат. Според тоа ние треба во оваа страгија, господине министре, ак ми дозволите да поработиме малку и на овој аспект на децеднтрализација или не знам баш дали е дисперзија најдобриот збор, но треба да ја споделиме како одговорност кон нејзиното живеење, културната дејност. Државата

треба да ја задржиме, мислам на Владата, на извршната власт, на Парламентот, да води сметка за стратегијата, да води сметка за општите пракси, да интервенира со она скудно, а долги години ќе имаме скудни ставки за културата, бидејќи таква економија имаме, да води сметка, да интервенира таму каде што е тоа неопходно, како што гледам имате јасно назначена претензија во програмата, но од друга страна во државата мораме да создадеме амбиент во кој на творците ќе им биде поважно да направат творечка група, отколку да надѕидаат над таа творечка група, зграда која ќе ја нарекуваат театар во која ќе има се, со сите нишани. Колку повеќе нишани ќе има, толку повеќе е решен проблемот на театарот. Не, ние имаме зданија кои долги години се правени. Во нив имаме обид за културно живуркање, но далеку сме од тоа да имаме културно творештво.

Имаме неколку сериозни обиди во областа на издаваштовото, во областа на трговијата со книги и намерно ја нарекувам трговија со книги, затоа Што на одреден начин таа е и тоа, бидејќи се занимава и со други дејности, патем, каде што интервенцијата на приватниот капитал кој се нашол мотивиран, носи вредност. Ако погледнете station наназад ќе видите дека постои навиката и тоа треба радикално да се прекине, барем според мое мислење. Јас знам многу академици и многу луѓе од амбиентот од кој јас сум роден, ќе ми забележат на тоа што ќе го кажам, но ние како Влада, како држава, како Собрание треба да одиме во правец на создавање амбиент во кој луѓето нема да ги тераме да си го бараат името на оној мал список што оваа држава, и инсистирам повторно, како интервенција ќе го употреби во издаваштвото, туку да бараат начин како, во она што државата ќе го овозможи по пат на закон, да обезбедат средства да се печатат книги и што е најважно да се пропагираат и на крај да се читаат. Ние не можеме да очекуваме, единствената културна вредност да ни се темели на она малку што некои добронамерни луѓе или не, намерно или ненамерно ќе седнат и во една Комисија од мноштвото на потреби, а сега велам ние сме веќе дефинитивно и со оваа Програма устоличени како мултикултурна заедница во која сакаме да градиме мултикултура која интегрира, па се зголемува потребата, дали заради тоа што луѓето сега ќе се осмелат да се појават, дали заради тоа што порано не доаѓале до израз, не сакале, не биле мотивирани, не е воопшто важно, или дали имало неправда или не. Апсолутно релевантно за чекорите што напред треба да ги правиме, ќе се зголеми потребата, а тоа што го имаме не ќе може да даде одговор на таа потреба за афирмација и за конфирмација, за лансирање на нови таленти, за правење на валидни естетски натпревари и гледаме понешто заживува. Ако забележавте деновиве низ Скопје и

низ внатрешноста има билборди како исходиште на еден натпревар, литературен што го финансираше една приватна институција. Знажи моето размислување оди таму, бидејќи ако не создадеме закони кои ќе знаат да разликуваат и да олеснуваат спонзорство, кои ќе знаат да разликуваат и да го олеснуваат меценството, кои ќе знаат, ако треба да воведат и дополнителни давачки за одредени општествени дејности кои мора да постојат и понатаму. Јас не плердирам да бидат забранети, туку на нив да се плаќа повеќе, ако се сака на тој еден облик да се остварува една одредена слобода и да се направи тој амбиент во кој ќе имаме приватни средства, во кој ќе имаме државни средства, во кој ќе имаме индивидуална мотивација, да се создава, бидејќи празнината на културните објекти што ги гледавме во филмот на нашиот врвен режисер Унковски, беше празнина, најтрагично беше затоа што во нив немаше творештво, а не бирократија. Не без страшни фасадите. Страшно беше што за таа фасада имаше премалку творештво за да можеме да кажеме дека во оваа наша држава, во ова наша заедница имаме нагорна линија на развој на еден од столбовите кој сите наши заедници тука ги одржало во последните  600-700 години, со сопствен идентитет, на ветрометините на Балканот. Оттаму мислам дека, и покрај тоа што кога би седнал човек детално да надградува вредности над овој текст, би можел да најде и забелешки и подобри решенија. Јас сметам дека оваа програма е валидна, сметам дека е валидна како чекор кој треба малку мрежата пред проблемот и решенијата на тој проблем да ја тргне и да ни помогне да почнеме да ги бараме како држава, во олеснувањето и создавањето на амбиент, не само како исклучиво финансирање на тој амбиент и кога ќе се скусат средствата да бидеме сите заедно одговорни пред фактот што ни запрело творештвото. Не, нема идеален модел за развојот на културата во светот. Имаме од целосна ситуација на Лесефет каде што потполно се е препуштено на пазарот, но тоа може да си го дадат големите општества кои имаат извонредни пазари, до строго командитна културна политика на мали држави со многу пари. Ние ниту сме голема држава, ниту имаме голем пазар, ниту имаме големи пари и ние ќе треба да бараме во рамките на постојните модели, за нас решение. Јас мислам дека едно од најдобрите решенија е, наместо да симулираме институции, да стимулираме творештво, да ги тераме творците да се обединуваат во творечки групи, да не трчаат наоколу да бараат мебел за  сценографијата, за да  изведат една драма која се извела пред 40 години, па имала некаква вредност, па чувствуваат дека треба да се обнови, туку да ги мотивираме луѓето, кои како што добро стои во програмата, овој пат ќе сакаат да инвестираат во културата и од неа

да изведат профит. Јас ќе ви кажам од мој личен опит, јас сум присуствувал на врвни естетски дела кои акционерски друштва формирани адхок за тој проект со продажба на акции, се создадени, го поставиле и потоа ги користеле на начинот на кој секој што учествувал со акцијата, бенефитите, профитот од тој проект.

Ако сакаме тоа да го направиме треба во програмата или ако ја сваќаме програмата како отворање на врата потоа да тргнеме со цела енограма или нека не ми забележат помладите што користам термин порано, една акциона програма во која ќе речеме вакви и вакви закони  треба да ги донесеме, овој Парламент нема да биде глув за културните потреби на сите негови заендици на македонскиот народ кој со нив ја дели оваа мултикултура заедно и ќе ги донесеме за да можеме да овозможиме албанската заедница кога ќе има проект да може слободно со даночни олеснувања, со законски олеснувања, со потпора од државата да го формира проектот и да го претстави.

Истото се однесува за сите, тоа е, верувајте ми, далеку поплодоносно и поплодотворно сега да седнеме и од натур бетон да градиме некое чудо незнам ваму, незнам таму и да го наречеме театар и со тоа да се закитиме со некакви заслуги и да речеме го решивме прашањето на театарот на музејот на ликовната уметност.

Она што исто така сакам да биде наша нагласена грижа, а тоа е во стратегијата со повторно една агенда на дејствија во правецот на носење на закони да го заштитиме нашето културно богатство.

Нашата држава во овој момент е практично архиелошко-културен Елдорадо за секој што има малку пари да купи апарат за детекција на метал, да купи лопата, до таму се вулгаризираат работите и се изнесуваат нешта кои не сме можеле да поимиме дека се тука, а кои зборуваат за еден неверојатно богат источник на културата и човек треба да оди сега по музеите во странство за да ги гледа културните вредности на народот, на граѓаните, на луѓето од ова поднебје.

Јас мислам дека и во оваа област каде најверојатно најмногу ќе треба да се сконцентрира буџетот за културата во одбраната и заштитата на тоа наше културно благо, не треба да бегаме од фактот дека и тука треба да создадеме законско миље, значи амбиент, во кој ќе може и приватната иницијатива со формирање на музеј, со ослободување од одредени даноци ако некој има доволно средства да прави колекција, па на едно место, на едно поднебје да ја сочува таа вредност да не оди на аукција. Водете сметка, ние ќе донесеме Европски закони, ние, сакаме или не, се

обврзавме со Спогодбата за стабилизација и асоцијација и се надевам со наредниот статус на кандидат да извршиме енормна хармонизација и усвојување на Европски закони, но во еден аспект тие европски закони ќе го либерализираат и културниот простор. Колку што ќе ја либерализираат и размената на културни вредности се потешко и потешко ќе биде со закони кои не соодветствуваат на сопствениот амбиент или на заедничкиот европски амбиент да се штити нешто. Ако тоа сега не го направиме, ако сега овде не создадеме приватен археолошки музеј за Вардариште или овозможиме тоа да се направи, јас знам дека немате пари за тоа, подобро е тука отколку утре кога ќе влеземе во Унијата биде направено некаде во Луксембург ќе биде се еден амбиент, ќе биде се еден ист простор, меѓутоа, идејата и на Унијата и ова за кое јас овде пледирам не да инсистираме на конфликтивни различности, туку чувајќи си го идентитетот да се интегрираме и развивајќи ги сопствената и заедничките култури да ги развиваме и другите. Ние не смееме да дозволиме ова не го сваќајте како ксенофобност утре кога ќе се отвори просторот тој што ќе има повеќе пари да се појави на било кое неконтролирано наддавање овде и да однесе во својата култура наши културни вредности, тие и така ќе бидат заштитени, но дали не е поубаво да ги имаме овде, поубаво е овде на нив на оригинал да се учиме, од нив да црпиме естетски вредности и инспирација отколку да мораме да патуваме, како и сега ни се случува за да ја видиме маската од Охрид, или други работи да мораме да патуваме во некои соседни престолнини со кои не можеме да ги расчистиме работите околу тоа затоа што своевремено е испуштен возот.

Пледоаето ми е покрај ваква Агенда да имаме и една нагласена агенда и ако треба г-дине министре таму треба да се вложи најмногу и она малку што го имаме за да го заштитиме. Се на се и покрај тоа што многумина ќе најдат разни приговори, јас го поздравувам овој ваш проект во смисла на тоа дека треба во од, зависно од искуството да се доработува, тој ќе биде само добрословo на хартија ако не го проследиме со конкретни закони, ако не го проследиме пред се со законите кои ќе треба да го создадат амбиентот за кој се залагам и на приватната иницијатива, што е сега веќе доминантен генератор на општествените односи во нашата мултикултурна заедница не и овозможиме преку можноста да создава профит, да стане сопственик и за одговорноста на тој начин за развојот на нашата култура. Ако го најдеме тој спој ќе бидеме успешни, ако не, и оваа ваша заложба министре се плашам ќе остане иста како онаа на вашиот ценет претходник г-динот Унковски.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Бејта барате реплика.

Ве молам, вие сте единствен кој бара реплика.

Имате три муниту.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодарам.

Го поздравувам говорот на колегата, се радувам што зема збор како пратеник на опозицијата заедно со еден друг пратеник од опозицијата, меѓутоа, кога се говори за развојот на културата и Националната програма за култура од 2004 до 2008 година мнозинството пратеници од опозицијата ВМРО ДПМНЕ и албанската опозиција ДПА тие не остануваат тука, меѓутоа, кога се донесуваат закони кои се во интерес на граѓаните албанци, тогаш ја исполнуваат салата за да не навредуваат.

Ми се допадна говорот, меѓутоа, само да му разјаснам дека во мојот говор кој го одржав немав за цел да се натпреварувам што се однесува до културата, туку националната култура на албансиот народ е оставена и запоставена, се знаат причините, и сега треба заедно да работиме за развој на таа култура не оспорувајќи го развојот и унапредувањето на македонската култура и на другите заедници кои живеат во нашата држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ова е позитивна реплика.

Повелете г-дине Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Може да има и позитивна контра реплика, да инаугурираме нов стил, многу ми е драго што токму со г-динот Бејта тоа го правиме.

Сакам да кажам следното, јас го разбрав многу добро, му благодарам на позитивните зборови и јас го сватив токму така. Ние треба да ги детектираме слабостите во културниот развој на сите и од решавањето на културата како заедничка вредност да ги унапредуваме и посебните и ако успееме да ја инсталираме оваа филозовија барем во еден дел од нашето општество, ќе избегнеме конфликтивен простор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има г-динот Ејуп Рустеми, а нека се подготви пратеникот Исмет Рамадани.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитуван претседател, почитуван министре, почитувани пратеници,

Врз основа на Законот за култура кој се донесе се гледа дека Националната програма за култура треба да се разгледа и од Комитетот за односи меѓу заедниците. Токму Комитетот ја разгледа Националата програма за култура и јас како претседател на овој Комитет гледам за потребно да го информирам Парламентот за текот на Комитетот во однос на разгледување на Националната програма за култура.

Во текот на разгледувањето на Националната програма за култура која ја разгледуваше Комитетот од страна на членовите на Комитетот имавме неколку забелешки, меѓутоа, за среќа, во соработка со министерот за култура постигнавме да ги надминеме овие така да ги наречам недоразбирања и министерот за култура предложи 8 амандмани преку кои и Комитетот даде свое позитивно мислење што се однесува до Националната програма за култура од 2004 - 2008 година.

Исто така е многу значајно да нагласам дека во текот на гласањето на оваа Национална програма за култура беше поддржана од страна на сите членови на Комитетот со еден глас воздржан. Што значи дека оваа Национална програма за култура дава поголем простор за сите етнички заедници во Република Македонија значи го проширува просторот на дејствување на културите на етничките заедници и на овој начин ние имаме успешен развој што претставува заедничко богатство на Република Македонија.

Врз основа на овие амандмани, колку за информирање на јавноста, постигнато е да имаме образување на дефицитарни кадри врз основа на принципот на пропорционалноста.

Исто така, преку Националната програма за култура е постигнато да се создадат услови во Културниот центар во Тетово за преобразба на културното друштво во ансамбл и многу други области.

Не сакам да должам, гледам за оправдано да дадам една ваква информација, бидејќи Комитетот за односи меѓу заедниците донесе позитивно мислење за Националната програма за култура.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Рустеми.

Повелете г-дине Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитуван колеги, почитуван министре,

Начелно ќе кажам дека ми прижинува задоволство што разговараме за една национална програма за култура, но да дискутираме на културен начин што ми дава

надеж и за други прашања во однос на нашето добро, општото добро на целата држава ќе продолжиме да дискутираме на овој начин со еден дијалог кој, на крајот на краиштата, и со несогласувања на некои места, но повторно велам самиот начин на пријавување на ставовите да биде на едно ниво кое се прифаќа и како толеранција и како транспарентност во претставувањето на нашите ставови.

Вистина е дека оваа Национална програма за култура доколку се спореди со националните програми во кои сум учествувал активно пред многу години оваа програма многу се разликува. Кога велам се разликува го велам од позитивен аспект, но не сакам да се инаетам како пратеник, бидејќи ова се случува од една друга Влада во сосема друга состојба каде законската рамка, но и измените во Уставот овозможуваат пријавување на една национална програма на ваков начин и ова треба да го прифатиме дека е еден факт и треба позитивно да го оцениме. Бидејќи во контекст на времето треба да признаеме дека имаше време кога некој повеќе или помалку во својата ментална сруктура не си дозволил самиот себе да биде малку потолерантен во насока што значи културен диверзитет и почит врз културите на националните заедници едни кон други.

Од искуство ви велам и од тоа што сме имале многу расправи, само да ве потсетам на пример еден фестивал “Кенге Јехо” (Одекни песно) кој е институционализиран во рамките на Министерството за кутлура за истиот требаше да се зборува, да се зборува со месеци, недели да се убеди некој дека така треба да се дејствува. Имаше случаи во преобразбата на уметничките друштва во полупрофесионални или професионални ансамбли, но еве за среќа полека сите ние доаѓаме, се освестуваме дека тоа што е Европски тренд, тоа што е тренд во тоа што значи културен и почитување на диверзитетот сите полека напредуваме и оваа програма на еден начин ни овозможува да не ги ограничиме нашите активности во тоа што значи културна компонента или културна димензија само во тоа имаме три, четири, пет, културно уметнички друштва, и културата е на ниво, во рамките на албанската заедница или турската заедница, ромската заедница, босанската, влашката, српската и др.

Тоа што ми се допаѓа и мислам дека работата на Комисијата е доста сериозна, зборувам за култура, но, и на Комитетот за односи меѓу заедниците и уште еднаш е направена забелешка на Министерството за култура дека предлогот кој излезе од Министерството за култура не е изготвен со посебен сенс во првиот предлог како што треба за да се почитува културниот диверзитет. Но, со интервенцијата на пратениците се збогати програмата за култура и ова е од полза,

бидејќи Министерството за култура го има активизирано својот сенс, имаше разбирање да ги прифати амандманите и дефинитивно да дојде со ваков предлог за кој денеска на еден начин има позитивен одзив и овде во ова Собрание.

Исто така, и тоа што е како сугестија, без оглед на фактот дека сите области се предвидени многу добро за развојот на тоа што се именува како култура на националните заедници е проширена лепеза дека таа културна димензија на развојот на културата спомнувајќи печатење, културно наследство и палета да го заземе своето место во културата и филхармонијата да го зеземе своето место во албанската култура и тоа што значи мозаик на една култура, на една национална заедница во рамките на диверзитетот со другите национални заедници.

Но, треба да имаме во предвид еден момент. Ова важи за министерот за култура или за Министерството за кој имам посебна чест, бидејќи го знам во времето кога беше пратеник, еден човек кој доаѓа од базата каде има културна креативност, добро е некогаш да се даде можност да се помогне во креативноста и културната инвенција кај албанците со средства, бидејќи треба да признаеме дека немаме некој квалитет или ниво на подигање на културното воздигнување во разни области за да конкурираме и за да црпиме средства од Министерството за култура со некој стандард или критериум кој го воочува Министерството за култура. Ние треба да признаеме, доколку конкурира со една културна иницијатива од аспект на тоа што е на разни списанија, еден Луан Старова, или Ким Мехмети и многу брзо доаѓаме до црпење на средства или помош од Министерството за култура, бидејќи станува збор за имиња, но што ќе направиме, во суштина што треба да направиме нешто повеќе креативноста и инвентивноста на тие кои се бават со пишување или други облати од културата уште во стартот на еден начин треба да им помогнеме таа нивна културна креативност да дојде до израз.

Би било добро и новина е тоа што заедно со децентрализацијата на власта ние местото го наоѓаме и во рамките на оваа културна програма, значи Националната програма за култура, на оваа Програма и го наоѓаме соодветното место, значи утре во една децентрализирана власт. Што значи уште сега со овој Национален културен програм ние ја даваме можноста да се вклучиме и во измените кои што следат во тоа што значи нова општина со нови надлежности и со посебно место и на културниот развој, употребувајќи ги ресурсите за општиот развој на општеството.

И ќе завршам, дека и покрај тоа споредбено со претходните програми, значи овде имаме еден многу голем чекор кон напред, но ги молам пратениците да го

почитуваат и тој континуитет можеби неуспешен на развојот на албанската култура во минатите години за да бидеме поубедливи кога поздравуваме еден ваков чекор во сосема нови околности, во тоа што значи донесување на националната програма за култура.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи ќе треба да пристапиме кон гласање.

Предлогот на Националната програма за културата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 56 пратеници, 56 пратеници гласале за.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 63 пратеника .

Значи да го повторам резултатот од гласањето, вкупно гласале 56 пратеници, 56 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Националната програма за културата во периодот од 2004 до 2008 година.

Бидејќи г-динот Стојан Андов како предлагач на единствената точка што ни остана , не е тука, ја заклучувам седницата .

(Седницата прекина во 15,55 часот)